Македонско здружение на млади правници

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

## ЗА ЕФИКАСНОСТА НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА
**ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје
декември 2018 година

**Наслов на публикацијата**
Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија - 2018 година
**Издавач**
Македонско здружение на млади правници
**Уредници**
Светлана Црвенковска
Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ
Бојан Трпевски
**Ликовно-графичко обликување**
Ани Аранѓеловиќ
**Печат**
ПОЛИЕСТЕРДЕЈ Д.О.О.Е.Л
**Број на примероци**
100

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73:340.132(497.7)"2018"(047.31)

ГОДИШЕН извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија : 2018 година / [уредници Јасна Аранѓеловиќ Оровчанец, Бојан Трпевски, Светлана Црвенковска]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2018. - 69 стр. ; 21 см

ISBN 978-608-4843-15-3

а) Човекови права - Правна заштита - Ефикасност - Македонија - 2018 - Извештаи
COBISS.MK-ID 109069834

## Листа на кратенки

ВСРМ - Врховен суд на Република Македонија
ВУС на РМ - Виш управен суд на Република Македонија
ГАК - Клиника за гинекологија и акушерство
ЕКЧП - Европска конвенција за човекови права
ЕСЧП - Европски суд за човекови права
ЗСЗД - Закон за спречување и заштита од дискриминација
ЗКП - Закон за кривична постапка
ЈУ МЦСР - Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа
КЗ - Кривичен законик
МВР - Министерство за внатрешни работи
МЗ - Министерство за здравство
МЗМП - Македонско здружение на млади правници
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МОН - Министерство за образование и наука
МП - Министерство за правда
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
ОЈО - Основно јавно обвинителство
ПС - Полициска станица
РМ - Република Македонија
УВМК - Управа за водење на матични книги
УС на РМ - Управен суд на Република Македонија

# СОДРЖИНА


За извештајот 5
За користената методологија 5
За правната заштита на човековите права во РМ 6

ДЕЛ 1: ДОКУМЕНТИРАНИ ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА 8
Права поврзани со животот, телото и личноста 8
Право на еднаквост и заштита од дискриминација 11
Слобода на здружување и изразување на јавен протест 13
Право на приватност 14
Социјална заштита 15
Право на здравствена заштита 18
Право на здрава животна средина 20
Права на децата 21
Право на државјанство и правен идентитет 23
Право на азил и интеграција на бегалци 25
Права на странци и мигранти 26
Слобода на говор и говор на омраза 28
Право на фер судење и ефективна одбрана 29
Пристап до правда во Македонија 30

ДЕЛ 2: УСТАВНИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО 2018 ГОДИНА 31
Заштитата на човековите права пред судовите на РМ 31
Уставен суд на РМ 39
Постојана анкетна комисија за заштита на човековите права во РМ 41
Народниот правобранител на РМ 42

ДЕЛ 3: ПРЕГЛЕД НА ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ДОНЕСЕНИ ВО 2018 ГОДИНА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 44

## За извештајот

Годишниот извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија (Извештајот) е активност на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) која се спроведува четврти пат[1]. Извештајот има за цел објективно да ги презентира и документира повредите на човековите права идентификувани во 2018 година од страна на здружението. Покрај забележаните повреди, Извештајот ја анализира ефикасноста на механизмите за заштита на човековите права[2] и пресудите на Европскиот суд за човекови права донесени во 2018 година кои се однесуваат на РМ, а во кои се утврдува повреда на правата заштитени со Европската конвенција за човековите права.

Објективно и транспарентно презентирање на состојбата за почитувањето и заштитата на човековите права во државата е од примарна важност за Извештајот и тимот на МЗМП. Овој документ се надоврзува на другите национални и меѓународни извештаи посветени на човековите права, но се фокусира на правната заштита. Постоењето на соодветна правна и институционална рамка која функционира во пракса, е од примарна важност за имплементација на принципите на почитување на човековите права и владеење на правото.

Првиот дел од Извештајот содржи опис на повредите на човековите права кои се забележани и документирани од страна на тимот на МЗМП. Повредите се групирани во зависност од видот на човековото право кое е засегнато со нив. Вториот дел од Извештајот анализира дали и во колкава мера уставните гаранции за заштита на човековите права се покажале како ефикасни во пракса преку студии на конкретни случаи и следење на постапувањето на надлежните органи. Последниот, трет дел од извештајот, ги презентира и анализира одлуките на ЕСЧП, донесени во текот на 2018 година кои се однесуваат на Република Македонија.

## За користената методологија

При изработката на овој Извештај, тимот користеше комбиниран аналитичко-синтетички пристап во однос на прибирањето на податоците, нивно документирање и анализа. Извештајот има за цел да ги постигне следните истражувачки цели:

1. Да ги опише повредите на човековите слободи и права кои се идентификувани од страна на МЗМП; и
2. Да анализира дали постојните правни средства и механизми, пред се судската заштита се ефикасни во обезбедувањрто на заштита на граѓаните кога нивните слободи и права се повредени.

Податоците кои се однесуваат на идентификуваните повреди на човековите права се прибрани преку следните извори на податоци:

1 Извештај од 2017 година https://goo.gl/rJQPdr
Извештај за 2016 година https://goo.gl/2YJHJ3
Извештај за 2015 година https://goo.gl/zZHee8
2 Шкариќ С., Уставно право, Скопје 2008, стр. 331

1. Документирани поплаки и информации од граѓани, добиени преку телефонскиот број на МЗМП и бесплатната телефонска линија 0800 77 800;
2. Документирани правни совети обезбедени од страна на адвокатите соработници и увид во списите од предметите поведени во рамки на проектите кои МЗМП ги спроведува;
3. Следење и увид во објави на медиумите кои се однесуваат на случаи на повреда на човековите права;
4. Следење на релевантни меѓународни и национални извештаи кои се однесуваат на заштитата на човековите права во РМ изработени од страна на домашни или странски организации или институции;
5. Увид во пресудите донесени од страна на домашните судови и ЕКЧП;
6. Законодавните активности во РМ.

Повредите на човековите права во овој Извештај се документирани користејќи описен метод со детален приказ на фактичката состојба при што личните податоци на наведените извори се соодветно заштитени. Како повреда на човеково право се подразбира секое дејствие, пропуштање на дејствие, постапка, политика или пропис кои го попречуваат остварувањето на основните човекови слободи и права дефинирани и загарантирани со Уставот на РМ.

Ефикасноста на правните средства се анализира преку следење на статистички податоци за работата на институциите кои имаат надлежност во заштитата на човековите права, правна анализа на нивните одлуки како и со користење на методот студија на случај. Овој метод овозможува преку анализа на конкретен случај, за кој е обезбедена правна помош во рамките на активностите на МЗМП, да се утврди ефективноста на правните средства во пракса. При селекцијата на случаи кои се анализираат, користени се следниве критериуми: да засега поголем број на граѓани од проблемот и проблемот веќе да е забележан, како и да постојат факти и докази кои укажуваат на повреда на човеково право. Со овој метод, фокусот се става на следниве елементи од случаите: 1. Контекстот односно опкружувањето во кое настанал случајот, 2. Фактичката состојба, 3. Релевантните и важечки правни норми кои го уредуваат прашањето, 4. Расположливите правни средства во поединечната ситуација, нивната правна уреденост и искуствата од поведените постапки, 5. Правни прашања кои ги отвара случајот и постапувањето на судовите.

Временскиот период опфатен со извештајот е од 1 јануари 2018 до 30 ноември 2018 година.

## За правната заштита на човековите права во РМ

Човековите права претставуваат основни права и слободи кои му припаѓаат на секое лице во светот, подеднакво, од раѓањето па сѐ до смртта. Тие се гарантираат, без разлика на тоа од каде едно лице доаѓа, во што верува или како избира да го живее својот живот. Тие никогаш не можат да бидат одземени, а се темелат на заеднички вредности како достоинство, непристрасност, правичност, еднаквост, почит и независност. Овие права се гарантирани со многубројни национални и меѓународни инструменти.

Основните права и слободи, како и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија. Како највисок правен акт на државата, Уставот дефинира листа на слободи и права[3], а со ратификуваните меѓународни договори[4] како дел од внатрешниот правен поредок, се дава можноста за вклучување на дополнителни слободи и права кои не се предвидени во Уставот.

Заштитата на слободите и правата се остварува преку **гаранциите на основните слободи и права[5]. Основна гаранција која ја предвидува Уставот е можноста за заштита пред судовите и Уставниот суд на РМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.**

Останатите гаранции за заштитата на човековите права кои Уставот ги предвидува, вклучуваат и судска заштита на законитоста на поединечните акти и активно запознавање на граѓаните со истите. Покрај овие гаранции, заштитата се остварува по пат на почитување на принципот на владеење на правото (уставност, законитост, јавно објавување на законите, vacatio legis период, забрана за ретроактивно дејство на прописите, како и независна и самостојна адвокатура). Ограничувањето на слободите и правата е единствено дозволено во случаи утврдени со Уставот или за време на воена и вонредна состојба, но и во овој случај само на начин утврден со Уставот.

Покрај заштитата пред судовите, Уставот го воспоставува и Народниот правобранител на РМ како посебен орган кој ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации кои имаат јавни овластувања. Согласно Уставот воспоставувена е Постојана анкетна комисија во рамки на Собранието на РМ која има за цел да ги штити слободите и правата на граѓаните.

3 Глава 2 од Уставот на РМ
4 Види член 118 од Уставот на РМ
5 Утврдени со членовите 50-54 од Уставот на РМ

## ДЕЛ 1: Документирани повреди на човековите права

## Права поврзани со животот, телото и личноста

Уставот на РМ ги поставува животот, физичкиот и моралниот интегритет на човекот како неприкосновени.[6] Неприкосновеноста се гарантира преку забрана и воздржување од страна на државата за изрекување на смртна казна по било кој основ, забрана и воздржување од страна на државата за секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување како и забрана на присилната работа. Дополнително, согласно меѓународно прифатените обврски, државата презема позитивна обврска за да предвиди и спроведе правна и институционална рамка која ќе ги заштити поединецот од повреди сторени од страна на државата и од повреди сторени од другите луѓе.[7]

**1. Македонија е на врвот во регионот по стапката на смртност кај новороденчињата, а втора во Европа.** Едно од 120 новороденчиња на територијата на државата ја губи битката за живот во првиот месец од раѓањето. Бројката е потврдена од страна на МЗ и од Клиниката за гинекологија и акушерство (ГАК). Според официјалните информации од надлежните институции, во првиот квартал родени се вкупно 1.155 бебиња, а 144 односно секое десетто, било згрижено на одделот за интензивна нега. Од нив 35 починале, а како причина се наведени предвременото раѓање, неразвиените органи и сепса. Дирткорката на ГАК изјавила дека смртноста мора да се намали и дека се преземаат соодветни. Според официјалните статистички податоци, стапката на смртност кај новороденчињата во однос на минатата година е намалена за минорни 2,6 проценти. Од 2016 година во Македонија годишно умираат околу 200 новороденчиња.[8]

Видно од извештајот на УНИЦЕФ,[9] Република Македонија во 2016 година беше втора земја во Европа по смртност на новороденчиња[10]. Во 2018 година, овој процент на смртност е намален, и заклучно со 17.11.2018 година, бројката изнесува 25 починати новороденчиња на 1000 живородени. Од страна на ГАК се истакнува дека ваквиот успех е постигнат како резултат на голем број мерки, помош и поддршка преземени од МЗ и Владата, експерти од Светската здравствена организација, општествено одговорни компании, зајакнат тим и невладините организации.[11]

**2. Зголемен број на случаи во кои врсничкото насилство резултира со тешки последици по животот и телото.** На 13.09.2018 година околу 13.00 часот на автобуска постојка на булевар „Крсте Мисирков“ во Скопје, 15-годишно момче од село Арачиново, скопско, физички било нападнато од друго дете од Арачиново - ученик во државното средно училиште „Зеф Љуш Марку“. Додека чекал автобус, 15-годишникот физички бил нападнат и со нож му биле нанесени две убодни рани во пределот на левото рамо и половината. Повреденото момче било пренесено во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“ и задржано на понатамошно лекување.[12] Притоа, напаѓачите биле идентификувани, а против нив по целосно документирање на настанот, биле поднесени соодветни кривични пријави. Двајца од напаѓачите се на возраст од 18 години, а третиот напаѓач има само 15 години.[13]

---

6 Членовите 10 и 11 од Уставот на РМ
7 https://rm.coe.int/168007ff4d
8 https://mk.voanews.com/a/macedonia-infant-mortality/4340395.html
9 https://www.unicef.org/publications/files/Child_Mortality_Report_2017.pdf
10 https://sdk.mk/index.php/makedonija/makedonija-vtora-vo-evropa-po-smrtnost-na-doenchina-veli-unitsef-spored-podatotsi-od-2016/
11 https://fokus.mk/lani-imalo-35-pochinati-novorodenchina-na-1-000-zhivorodeni-godinava-25-pochinale-na-1-000-zhivorodeni/
12 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/izvadok-od-dnevni-nastani/1249
13 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/6054

**3. Менување на квалификација на кривично дело од страна на Јавното обвинителство**. Во месец март оваа година во јавноста имаше бурни реакции предизвикани откако ОЈО изврши полесна квалификација на дело што претходно беше квалификувано како убиство.[14] ОЈО го преквалификуваше делото од 2016 година за смртта на малиот А. А. од Куманово од „убиство“ во „сообраќајка“, односно одлучи обвинетиот Б. И. наместо првично за "убиство" да одговара за „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот“, за што е предвидена многу полесна санкција. Постапката на ОЈО беше остро критикувана и од четири јавни обвинители кои во соопштение до јавноста се спротивставија на преквалификацијата на случајот тврдејќи дека се повредени основните начела на Законот за јавното обвинителство. Во соопштението беше наведено дека дејствијата на обвинетиот единствено кореспондираат со кривичното дело „убиство“ и дека на овој начин се повредени начелата на законитост, непристрасност, објективност и заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот кои се основни и темелни вредности на Уставот на РМ. На ова своја реакција и критики даде и Народниот правобранител на РМ.[15]

**4. Потребно подобрување на законската и институционална рамка која се однесува на справување со семејното и родово базираното насилство.** Секторот за внатрешни работи[16] Скопје, поднел кривична пријава против Ф.С. (47) од Скопје поради постоење на основано сомнение дека извршил две кривични дела „телесни повреди во вршење семејно насилство“, казниво по член 130 став 2 од Кривичниот законик на Република Македонија. Пријавениот, во семејниот дом во алкохолизирана состојба, физички ги нападнал неговиот две годишен син и сопругата и им нанел телесни повреди. Двегодишното дете било однесено во Ургентниот центар каде му биле констатирани телесни повреди и бил задржан на лекување. Ова не бил прв случај на семејно насилство сторено од пријавениот. Понатаму, од страна на Секторот за внатрешни работи Тетово оваа година била поднесена кривична пријава против 53-годишниот А.К. од тетовска Мала Речица, поради постоење на основано сомневање дека сторил три кривични дела: „убиство“, „убиство во обид“ и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“. Едно од сторените кривични дела е убиство на неговата сопруга.[17] Секторот за внатрешни работи Скопје, во текот на 2018 година поднел кривична пријава до надлежното ОЈО во Скопје против М.Г. (50), поради постоење на основано сомневање дека сторил кривично дело „убиство“, предвидено и казниво по член 123 став 2 од КЗ на РМ, поради убиство на својата мајка.[18]

Во текот на 2018 година беше ратификувана Истанбулската конвенција за превенција и борба против насилството врз жената и семејното насилство, а донесен е и Акциски план за имплементација на истата од страна на МТСП. Во исто време се вложуваат напори за подобрување и хармонизирање на законската рамка со меѓународно прифатените обврски. Но, од страна на институциите сè уште не постои соодветен одговор кога се работи за справување со проблемот на семејното насилство. Согласно една анализа, 80 проценти од жените во Македонија се убиени од интимни партнери или машки членови на семејството.[19]

---

14 http://www.radiomof.mk/protest-pred-vlada-protiv-prekvalifikacijata-na-deloto-za-smrtta-na-maliot-almir/
15 https://telma.com.mk/ombudsman-za-almir/
16 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/7050
17 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/7568
18 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/6242
19 http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2013/11/Femicidi-mk.final_.pdf
http://www.mtsp.gov.mk/oktomvri-2018-ns_article-carovska-so-navremeno-prepoznavanje-na-rizikot-mozat-da-se-sprecat-ubistvata-na-zenite-od-intimnite.nspx

**5. Македонија и понатаму се соочува со сериозни проблеми во поглед на условите за живот во КПУ Идризово.** Најголем проблем претставува фактот што затворот го надминува својот капацитет за 862 затвореници, што доведува до тоа повеќе затвореници да бидат сместени во мали простории со несоодветни услови[20]. Таквите услови се спротивни на стандардите поставени со пресудите на ЕСЧП. Комитетот за превенција од тортура, нечовечко и деградирачко постапување и казнување на Советот на Европа (CPT) во својот извештај при посетата на македонските затвори на крајот на 2016 година, забележува дека затворите се соочуваат со сериозни проблеми во поглед на хигиенските услови во просториите и недостаток од хигиенски средства. Во затворите нема организирано никакви рекреативни активности, а затворениците се изолирани и до 23 часа во еден ден.[21] Затворениците кои се осудени на долгогодишни затворски казни се чувствуваат „како да немаат што да загубат“[22], што во комбинација со лошите материјални и хигиенски услови доведуваат до постоење на насилство помеѓу затворениците и појава на неформална хиерархиска структура помеѓу затворската популација.[23] Материјалните и хигиенските услови во Затворот Скопје се во лоша состојба, со лоши хигиенски услови особено во тоалетите. Затворот Скопје во моментот нема проблеми со надминување на сместувачките капацитети како резултат на Законот за амнестија, но сепак се соочува со сериозни проблеми во однос на условите.[24] Она што се забележува во сите извештаи на релевантните организации, е високото ниво на корупција и можноста за вистинската цена да се добие посакуваниот предмет или супстанца.[25]

Најгорливото прашање во затворите е обезбедувањето на соодветна здравствена заштита[26]. Во затворот се ангажирани само двајца доктори и две медицински сестри за популација од 1956 затвореници, па поради тоа во обезбедувањето на здравствената нега учествуваат и самите затвореници.[27] Ниту едно од осудените лица не е осигурано како лице кое издржува казна затвор, иако Законот за здравствена заштита го воспоставува ова правило.[28] Присуството на медициснки персонал само за време на првата смена од 8:30 до 16:30 часот, го отежнува пристапот до здравствена заштита, а повикувањето на итната медицинска помош кога е неопходно ја доведува во прашање навремената реакција во живото загрозувачките ситуации.

Недостатокот од лекови[29] и несоодветниот пристап до здравствена заштита[30] се дел од животот на лицата кои издржуваат казна затвор.

20 http://ombudsman.mk/upload/documents/2017/1/Poseben-izvestaj-Idrizovo-2016.pdf
21 https://rm.coe.int/pdf/168075d656
22 http://ombudsman.mk/upload/documents/2017/1/Poseben-izvestaj-Idrizovo-2016.pdf
23 Ibid
24 https://nezavisen.mk/mk/vesti/2018/04/46349/
25 http://ombudsman.mk/upload/documents/2017/1/Poseben-izvestaj-Idrizovo-2016.pdf
https://rm.coe.int/pdf/168075d656
https://www.state.gov/documents/organization/277435.pdf
26 http://ombudsman.mk/upload/documents/2017/1/Poseben-izvestaj-Idrizovo-2016.pdf
27 https://rm.coe.int/pdf/168075d656
28 http://ombudsman.mk/upload/documents/2017/1/Poseben-izvestaj-Idrizovo-2016.pdf
29 https://kurir.mk/makedonija/vesti/skandal-dva-ipol-meseci-nema-lekovi-vo-zatvorot-idrizovo/
30 https://bit.ly/2Sjr7Ww https://bit.ly/2RoZrzk https://bit.ly/2DSy24M

**6. Лекарски грешки и недостиг на соодветна опрема и терапија - причина за неколку случаи со смртнни последици.** Во месец јануари 2018 година, при породување со царски рез во една приватна болница, починала родилка, откако ѝ се затвориле дишните патишта по примање на целосна анестезија. Врз основа на извршен инспекциски надзор, Државниот здравствен и санитарен инспекторат донел одлука за забрана за работа на болницата до отстранување на констатираните недостатоци - технички услови за функционирање на болницата. Било утврдено дека за време на царскиот рез учествувале двајца анестезиолози од Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување, кои немале право да учествуваат во породување во друга болница.[31] На 20.04.2018 година, Вишиот управен суд го усвоил барањето за времена мерка на Болницата, и ѝ дозволил да продолжи со работа до конечно завршување на предметот.[32] Во РМ заклучно со 30.11.2018 година е регистрирана смрт на четири родилки, но лекарска грешка е утврдена само во овој случај. Во друг случај, поради недостиг на соодветна терапија починало 15-годишно момче, кому по повреда на часот по физичко, требало да му се изврши операција на коленото. По давањето на анестезијата, на момчето му се влошила состојбата и починало. Причината за смртта била ретка генетска мутација - малигна хипертермија, која довела до тоа анестетикот да влијае штетно на целиот организам. Медицината ги препознава овие состојби и постои лек кој се дава во вакви ситуации - Дантролен, кој воопшто го немало на клиниката. Веднаш по смртта на момчето, Министерот за здравство изјавил дека лекот ќе биде набавен со помош на донација од странска компанија.[33]

## Право на еднаквост и заштита од дискриминација

Правото на еднаквост подразбира забрана за дискриминција и еднаков пристап на сите граѓани и луѓе до правата кои се гарантираат со Уставот, законите и меѓународните договри.[34]

**1. Предизвици со кои државата се соочуваше во однос на дискриминацијата и право на еднаквост во текот на 2018 година.** Правото на еднаков третман и заштитата од дискриминација, посебно на ранливите категории на граѓани (лицата со попреченост, Ромите, жените, децата)[35] претставува предизвик со кој општеството секојдневно се соочува. Новиот предлог Закон за спречување и заштита од дискриминација, со кој ќе се обезбеди превенција и поголема ефикасност на механизмите за заштита од дискриминација во РМ е во собраниска процедура од месец јули 2018 година. Во МЗМП во текот на 2018 година правна помош побараа граѓани кои не можат да обезбедат правна заштита поради својата имотна состојба или кои се чувствуваат дискрминирани од различни причини. Дел од лицата се припадници на ромската етничка заедница и се социјално загрозени лица, родители на деца со попреченост кои имаат отежнат пристап до добра и услуги или проблем со неприлагоденост на инфраструктурата[36], како и лица кои сметаат дека се дискриминирани на работното место по различни основи, како етничка, политичка припадност, пол и друго.

31 https://sitel.com.mk/bolnicata-sante-plus-vremeno-zatvorena-anesteziolozite-od-karil-kje-bidat-suspendirani
32 https://faktor.mk/sante-plus-prodolzuva-so-rabota-od-ponedelnik
33 https://skopjeinfo.mk/haos-vo-zdravstvoto-tugji-bebinja-smrt-po-primena-anestezija
35 https://skopje24.mk/matej-nemoze-da-odi-na-uciliste-ministerstvoto-za-zdravstvo-ne-mu-obezbedilo-lekovi/
36 https://sitel.com.mk/carovska-rabotime-na-socijalnata-inkluzija-na-decata-i-licata-so-poprechenost

Од постапките за заштита од дискриминација поведени претходно со поддршка на здружението пред редовните судови во 2018 година донесени се три пресуди со кои се утврдува дискриминација по различни основи: првостепена пресуда со која се утврдува дискриминација по основ на јазик и етничка припадност во работните односи[37], првостепена пресуда со која се утврдува дискриминација по основ на политичка припадност во работните односи[38] и правосилна пресуда со која се утврдува дискриминација во работните односи по основ на бременост[39]. Правосилната пресуда со која Апелациониот суд Скопје ја потврдува пресудата на Основен суд Куманово и утврдува дискриминација во работните односи поради бременост е значајна поради бројноста на случаите во кои бремените жени остануваат без работа поради состојбата[40] и затоа што во претходни постапки за истиот правен основ и слични ситуации Апелациониот суд Скопје не утврди дискриминација.

Комисијата за заштита од дискриминација како независен орган кој согласно важечкиот закон треба да има носечка улога во заштитата од дискриминација, во рамки на последниот состав и работењето, најчесто е критикувана од страна на стручната јавност и граѓанските организации, за ненавремено постапување по претставки, непрепознавање дискриминација во голем број на случаи и за постоење на политичко влијание врз нејзините членови. Последното мислење на КЗД со кое се утврдува дискриминација на поранешен функционер во доста кус временски рок укажува на пристрасноста на овој орган, формиран да ги штити еднакво сите граѓани, особено ранливите категории.[41]

**2. Дискриминација по основ на личен статус, семејна или брачна состојба во областа на здравствената заштита.** Во 2018 година Општата болница Струмица истакнала известување на видно место (влезна врата) со следната содржина: „Пациентките кои доаѓаат на акушерското одделение ЗАДОЛЖИТЕЛНО со себе да донесат Извод од венчаните“. Известувањето наиде на критики од страна на стручната и општата јавност. На тој начин болницата сторила директна дискриминација по основ на личен статус, семејна или брачна состојба, постапувајќи спротивно на важечките одредби со кои се забранува дискриминацијата и спротивно на Законот за семејството кој препознава дека детето може да биде родено и надвор од брак, како и на Законот за заштита на децата согласно кој едниот родител може да не е познат или да се води за исчезнат. По реакциите во јавноста, известувањето е отстрането истиот ден, а директорот на болницата упатил јавно извинување.

**3. Дискриминација по основ на политичка припадност.** Вработен во јавна установа пријавил дека со промената на раководното лице, добил решение со кое се прераспоредува на друго работно место во неповолни просторни и други услови за работа, поради различната политичка определба. Државниот трудов инспекторат го поништил решението и ѝ наложил на установата да го врати на претходното работно место. Иако установата постапила по решението на инспекторатот, по неколку месеци повторно го прераспоредила работникот, а трудовиот инспекторат повторно го вратил на првичното работно место. Истата ситуација се повторила три пати во рамки на 15 месеци.

37 https://bit.ly/2DR621t
38 https://bit.ly/2zu9vQM
39 https://bit.ly/2raAagD
40 https://kanal5.com.mk/articles/334102/bremenite-zheni-najchesto-diskriminirani-od-rabotodavachite
41 http://www.mhc.org.mk/announcements/856?locale=mk
http://air.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/07/0204_201801VkupenIzvestaj.pdf
http://air.moepp.gov.mk/?page_id=290

Станува збор за дискриминација поради различна политичка припадност која е позната на работодавачот, бидејќи одлуките за прераспоредување се очигледно недоволно образложени. Постојат повеќе пријави и тврдења од граѓани за дискриминација по основ на политичка припадност во работните односи, која во последните 12 години претставува еден од најчестите облици на дискриминација во општеството.

**4. Дискриминаторска содржина на предавање на професор кој води задолжителен предмет на студии по општа медицина.** Во петтата година од студиите по општа медицина, задолжителен е предметот Психијатрија. Дискриминаторската содржина е дел од презентација на професор кој го води предметот, кој е даден како материјал за подготовка за полагање на испитот. Презентацијата е насловена како „Свест, осети, перцепции, внимание, нагони“. Спорен дел од презентацијата е слајд во кој се зборува за квалитативни растројства и се наведува дека хомосексуалноста претставува најчесто растројство на сексуалниот нагон и може да биде факултативна и да се јави во времето на сексуалното созревање, или во услови кога не може да се најде сексуален објект од спротивниот пол.[42] Информацијата за постоење на ваков текст во презентација која претставува материјал за предмет кој се изучува како задолжителен предмет, е пријавена од студент на конкретниот факултет. Ваквата содржина претставува дискриминација по основ на сексуална ориентација во областа на образованието.

**5. Дискриминација по основ на религија или верско уверување поради носење на верско обележје - гардероба која се асоцира со определено верско уверување.** Девојка пријавила дека не ѝ било дозволено да седне во кафуле во центарот на Скопје поради тоа што носела марама - хиџаб. Кога дошла со пријателката која не носела марама, вработениот од кафулето што не било полно со гости им рекол дека нема место бидејќи има приватна забава. Половина час подоцна од како си заминале нејзината пријателка која не носела марама, се вратила во кафулето каде очигледно немало приватна забава и ѝ било дозволено да седне. Случајот е споделен во медиумите и девојката се обратила за помош во невладина организација.

## Слобода на здружување и изразување на јавен протест

На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат и истапуваат од нив. Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. Забранети се воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на Република Македонија. Граѓаните исто така, имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.[43]

42 Информации за настанот: https://www.dropbox.com/sh/b6ifc4p39jao9v3/AAAfuqLxiZcK58ikELa2NiPMa/Psihijatrija?dl=0&preview=Svest%20percepcii%20vnamanie%20nagoni.ppt&subfolder_nav_tracking=1#
43 Член 20 и член 21 од Уставот на РМ

**1. Како резултат на општествено-политичките случувања во Македонија, во 2018 година се одржаа голем број на собири за јавно изразување на одреден став.** Собирите во изминатата година генерално се одржуваа во мирна атмосфера согласно законските правила.

Сепак во јуни 2018 година пред Собранието на РМ се одржа протест на кој поради развојот на настаните беа употребени шок бомби и солзавец за растерување на толпата.[44] Како резултат на случувањата, беа повредени неколкумина кои протестираа, 7 полициски службеници, а беа приведени 25 лица.[45] Повеќе новинарски екипи биле попречени во вршењето на својата работа. Забележано беше и „ширење лажни вести" на одредени интернет портали и на социјалните мрежи преку прикажување на фотографии од повреди кои се случиле на протести во САД или во регионот, но не во Македонија.

Согласно Законот за јавните собири, кој во детали го регулира изразувањето на јавни протести на ваков начин (со блокирање на сообраќајници), за собир во смисла на Законот, се смета секоја група од најмалку 20 лица која 48 часа пред одржување на собирот истиот ќе го пријави во надлежната подрачна единица на МВР. Во Законот исто така е определена обврска за организирање редарска служба со цел одржување на редот на јавниот собир, но и заради заштита на правата на граѓаните меѓу кои и нормално одвивање на сообраќајот.

Како резултат на договорот кој РМ го склучи со Република Грција и поларизираноста во општеството, иницијативата „Бојкотирам" започна со серија на јавни протести со блокирање на главната сообраќајница во Скопје. Она што ги карактеризира овие јавни протести е присуство на особено мал број на лица. Имајќи ги предвид ситуацијата на протестите и законските обврски, истите не ги исполнуваат воспоставените стандарди. Во овој случај во колизија се правото на слободното здружување на лицата кои сакаат јавно да го искажат својот став и правото на слобода на движење на останатите граѓани. Ако се направи споредба со други јавни протести кои се одржуваат во државата каде бројноста на луѓето кои протестираат е поголема, може да се констатира дека протестот вообичаено се одржува со затворање на една сообраќајна лента или затворање на булевар во една сообраќајна насока, сè со цел да се постигне баланс помеѓу правото на слободното здружување и правото на слобода на движење.

## Право на приватност

**1. Градоначалник се заканувал на вработени во училишта дека ги прислушува нивните телефонски разговори**. Во септември 2018 година, во пресрет на референдумот закажан за крајот од месецот, осамна видео во кое што се гледа како градоначалникот на една општина им се заканува на вработените во училиштата дека ги прислушува нивните телефонски разговори и следи што прават и каде одат.[46] Со оглед на тоа што се работеше за период пред референдумот, беше истакнато од неколку медиуми дека ова може да се протолкува како приситок, што според кривичниот закон е класифицирано како тешко кривично дело. Градоначалникот беше повикан на информативен разговор во ПС, а по сослушувањето бил пуштен по насока на обвинителството. Во дневните билтени на МВР не можат да се најдат информации за овој настан.

44 Информации за настанот: https://novatv.mk/so-solzavets-i-shok-bombi-rasterani-demonstrantite-od-pred-sobranie/
45 Информации за настанот: https://tv21.tv/mk/solzavets-i-shok-bombi-vo-tsentarot-na-sko/
https://sdk.mk/index.php/makedonija/ima-povredeni-vo-demonstratsiite-pred-sobranieto/
46 Информации за настанот: https://lider.com.mk/makedonija/ekskluzivno-video-ve-prislushuvam-gradonachalnikot-na-demir-hisar-im-se-zakanuva-na-vrabotenite/

**2. Документирани повеќе од 30 случаи на „загрозување на сигурноста“ и „злоупотреба на лични податоци“ преку социјалните мрежи.** Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР, согласно своите законски надлежности, во почетокот на годината процесуирал триесет случаи во коишто, преку социјалните мрежи, на носители на државни функции во РМ, им е загрозена сигурноста, како и случаи каде што се злоупотребени нивните лични податоци. За сите тие случаи, согласно законските норми изготвени се Известувања до надлежен ЈО при Основното јавно обвинителство Скопје, со цел утврдување елементи за сомнение за кривични дела што се гонат по службена должност од областа на компјутерскиот криминал. Така, како покарактеристични случаи се детектирани шест кривични дела за закани кон претседател на Владата на РМ, истите се документирани, со соодветни известувања до ОЈО и обезбедени Наредби до социјалната мрежа „Фејсбук“. Откриено е лице кое се сомничи за сторено кривично дело - „загрозување на сигурност“ (казниво по член 144, став 3 а в.в. став 1 од КЗ на РМ), а се однесува на регистирана објава на еден македонски веб портал, по претходно објавена статија на социјалната мрежа „Фејсбук“, која што во вид на закана е упатена до претседателот на Владата на РМ.47 Во текот на годината поднесени уште неколку кривични пријави поврзани со ова прашање и сите се однесуваат на загрозување на сигурност на пратеници во Собранието, но и предизвикување на говор на омраза и ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем.[48]

## Социјална заштита

Уставот на РМ во членот 1 ја дефинира државата како суверена, самостојна, демократска и социјална. Во делот посветен на темелните вредности на уставниот поредок, меѓу другите се наведуваат и: хуманизмот, социјалната правда и солидарноста. На овој начин, највисокиот правен акт ја утврдува определбата на државата за стремежот кон постигнување социјална правда, подготвеност да се помогне и додели помош во заедницата, во случаи кога е неопходно, а сето тоа водено од императивот на хуманизмот. Правото на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор се загарантирани со Уставот. Согласно начелото на социјална праведност, грижата на државата за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните, е уставна категорија. Значајни за издвојување се и одредбите од Уставот со кои се пропишува дека Републиката обезбедува посебна грижа и заштита на семејството и посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.[49]

**1. Долготрајност на управните постапки и постапките по управни спорови во остварување на правата од социјална заштита.** Лицето С.И е оперирано 9 пати од стомачна хернија, бубрег и има потешкотии при дишењето. Првостепениот и второстепениот орган, повикувајќи се на конзилијарното мислење од Стручната комисија, без дополнително образложение донеле решенија со кои утврдиле дека лицето е способно самото да се грижи за себе и му престанува правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Иако УС на РМ дал конкретни насоки на првостепениот и второстепениот орган, година и половина органите не донеле никакво решение.

48 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/7641
Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/7638
49 Анализа за идентификување на клучните проблеми и пречки во домашното законодавство и судската пракса во остварување на паричните права од областа на заштита на децата, Вера Мартиноска, Елена Георгиевска - Скопје, октомври 2018 https://bit.ly/2G2bYaR

УС на РМ навел дека останува нејасно врз основа на што Стручната комисија во наодот, оценката и мислењето прифаќа дека лицето нема потреба од помош и нега од друго лице, имајќи ја предвид неговата здравствена состојба. По две поднесени ургенции за итно постапување по предметот, првостепениот орган и второстепениот орган донеле решенија со кои повторно утврдиле дека лицето може да се грижи самото за себе и дека му престанува правото за помош и нега од друго лице.

По поднесена повторна тужба, УС на РМ донел пресуда со која го потврдил решението на второстепниот орган, иако првостепениот и второстепениот орган носат исти решенија два пати. Тоа значи дека УС за една иста работа и исти решенија носи две различни пресуди, имајќи предвид дека станува збор за истиот случај со непроменети околности. По изминати три години, лицето поднесува жалба до ВУС на РМ. Народниот правобранител во однос на правото на помош и нега од друго лице, констатирал неможност истото да се оствари поради долгите постапки, но и неефикасната соработка помеѓу ЦСР и Стручната комисија за давање на наод и мислење за потребата од помош и нега од друго лице. Отежнатото остварување на ова право е последица и на одолговлекувањето на постапките по жалба пред МТСП, како и поради нецелосно постапување по насоките на МТСП или УС на РМ во тие случаи.[50]

Со оглед на долгото траење и сложеноста на постапките, како и големиот број на институции кои треба да обезбедат управно правна заштита, највисоката инстанца е тешко достапна, односно може да поминат и неколку години, за да може да се искористи жалбата до ВУС на РМ како редовен правен лек. Исто така, на штета на странките во постапките, продолжува проблемот со непочитување на насоките од УС на РМ за враќање на предмети на повторно одлучување и постапување на органите.

Граѓаните изразуваат незадоволство од долготрајноста на постапките за одлучување на нивните барања, како и од фактот дека со донесените одлуки не се утврдува фактичката состојба, особено во врска со правото на социјалната парична помош, постојаната парична помош и правото на помош и нега од друго лице.[51]

**2. Спроведувањето на постапките од еден управен орган и решавањето на претходни управни прашања, доведува до губење на правото на родителски додаток за трето дете**. Првиот пример се однесува на самохрана мајка на три деца која има различно презиме од нејзините родители, иако претходно не била во брак. По раѓањето на третото дете, поднела документи за упис на детото во Управата за матични книги, при што во надлежната служба е посоветувана да го промени нејзиното презиме во презимето на нејзините родители. По добивање на решението за промена на нејзиното презиме, поднела документи за дополнително запишување на личното име на нејзиното дете, по кое се одлучувало месец и половина. Откако го поднела барањето за остварување на правото на родителски додаток за трето дете до надлежниот ЦСР, нејзиното барање било одбиено од причина не бил запазен рокот од 3 месеци од денот на раѓање на детото. Вториот пример се однесува на лицето В.Ц. Таа била во брачна заедница која фактички не постоела, и поради тие причини бракот судски е разведен.

---

50 Годишен извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите права и слободи, 2017 година, страна 51. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2017/GI-2017.pdf

51 Годишен извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите права и слободи, 2017 година, страна 49. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2017/GI-2017.pdf,

По разводот на бракот, се родило детето Л.Ц, кое поради постоење законска претпоставка дека е родено во брак, како татко во изводот од матична книга на родени бил запишан сега веќе поранешниот сопруг на В.Ц., иако таа била во вонбрачна врска со друго лице кое впорчем е биолошкиот родител на Л.Ц. Постапката за определување на лично име на детето траела 2.5 месеци, а потоа била поведена постапка за утврдување на татковство пред надлележен суд и било поднесено барање за дополнителн упис и исправка на податоците за детото во УВМК, која решавала цел месец. По добивање на целосната документација, барањето за остварување на правото на родителски додаток на трето дете било одбиено поради пропуштање на рокот од 3 месеци од денот на раѓање на детото.
Во овие два случаи, може да се увиди дека управните постапки се долги, ги надминуваат роковите за остварување на други права на барателите и службените лица се неажурни во упатување, реферирање и советување на странките за правата и обврските кои ги имаат во други постапки и пред други органи.[52]

**3. Остварување на правото на детски додаток - доделување на ист паричен надоместок за две и три деца.** Лицето А.О поднело барање за остварување на правото на детски додаток за неговите три деца. Надлежниот орган донел Решение со кое утврдил дека лицето го остварува правото на детски додаток за трите деца во вкупен месечен износ од 1.488,00 денари. Иако во решението е наведено дека го остварува правото за трите деца, сепак висината на предвидениот месечен износ е за две деца. Лицето неколку пати усно се обратило до надлежниот орган кој му укажал дека тоа е максималниот месечен износ кој може да го оствари за трите деца. Согласно Законот за социјална заштита вкупниот месечен износ на детски додаток за 2018 година е 1.870,00 денари, согласно порастот на трошоците за живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година.[53] Тоа значи дека не постои ограничување во однос на бројот на деца за кои се остварува правото на детски додаток, единствено постои ограничување во однос на висината на вкупниот месечен износ. Надлежниот орган одлучил спротивно на законските одредби, пресметувајќи износ за две деца (1.488,00 денари), иако вкупниот месечен износ кој жалителот треба да го остварува за три деца изнесува 1.870,00 денари. По поднесена жалба до второстепен орган, донесено е решение во кое се наведува дека жалбата е прифатена во целост, и по истата се постапило со носење на Решение за исправка на грешка, по кое на корисникот му е утврдено право на детски додаток во вкупен износ од 1.870,00 денари.[54]

**4. Најчестите прашања и проблеми со кои се соочуваат корисниците на правата од областа на детската заштита.** Лицата најчесто имаат потешкотии при разбирање на насоките кои ги даваат Центрите за социјална работа за документацијата која се доставува во прилог на писмените барања за остварување на некое право, па често се случува да се враќаат повеќе пати. Исто така лицата кои прв пат имаат намера да поднесат барање за остварување на некое право од оваа област, сметаат дека доколку добијат усни насоки од службениците во Центрите за социјална работа дека не ги исполнуваат условите, со тоа постапување се прекршуваат нивните права, бидејќи им се ускратува правото да поднесат жалба до МТСП или да покренат управен спор.

52 Анализа за идентификување на клучните проблеми и пречки во домашното законодавство и судската пракса во остварување на паричните права од областа на заштита на децата, страна 29. Достапно на: http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2018/10/Анализа_парични-права_деца_-Уницеф_FINAL-окт.pdf
53 http://www.mtsp.gov.mk/prava-od-detska-zashtita-ns_article-detski-dodatok.nspx
54 Известување достапно на: http://myla.org.mk/%D0%BC%D0%B7%D0%BC%D0%BF-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF%D0%BA%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B0%D1%80%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5/

Дополнително, постои проблем во однос на документацијата која што надлежниот орган треба да ја обезбеди по службена должност. Иако во самите барања е наведено кои документи ги обезбедува странката, а кои се обезбедуваат по службена должност, од странките се бара да ја обезбедат целосната документација, вкучувајќи ја и таа која ЦСР треба да ја прибави по службена дожност. Странките многу често се враќани од страна на надлежните лица да дојдат друг ден, поради техничка неможност да го спроведат барањето или да го проверат текот на постапката, поради две причини: нефункционирање на софтверот во кој странките имаат досие и поради недостаток на хартија за печатење.[55]

Народниот правобранител констатира дека продолжуваат повредите на правата на децата во повеќе сфери, детето не се почитува како субјект на права, а донесените одлуки не секогаш се во негов најдобар интерес и институциите за грижа и заштита на правата и интересите на детето не успеваат во целост да ги заштитат децата, вклучително и оние со посебни потреби.[56]

Со оглед на малиот број на поднесени претставки за повреда на правата за парични надоместоци за деца, може да се заклучи дека граѓаните не се доволно информирани за начините и можностите за заштита на правата пред Народниот правобранител.

## Право на здравствена заштита

Правото на здравствена заштита се гарантира на секој граѓанин на РМ.[57] Здравствената заштита на граѓаните се уредува со Законот за здравствена заштита[58] и Законот за здравствено осигурување[59], како и со Законот за меѓународна и привремена заштита за лицата баратели на правото на азил, лица со признаен статус на бегалец, лица под супсидијарна заштита и лица под привремена заштита.[60]

**1. Лекарската комисија за упатување на лекување во странство не постапила по Предлогот за упатување на лекување во странство, и наместо во Германија, на пациентот му одобрила лекување во Турција.** Во овој случај, лекарската комисија постапила навремено и издала Решение за упатување на пациентот на лекување во странство, но наместо да го следи упатот даден во Предлогот за упатување на лекување и да додели средства за лекување во Германија, каде постоел третман соодветен на пациентот, средствата ги доделила за лекување во Турција. Управниот одбор на Фондот за здравственото осигурување ја одбил жалбата на семејството на пациентот, средствата да се пренаменат за лекувањето во Германија, а семејството самото да ги надомести останатите средства, која процедура е дозволена согласно Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурени лица во странство.

---

55 Анализа за идентификување на клучните проблеми и пречки во домашното законодавство и судската пракса во остварување на паричните права од областа на заштита на децата, страна 31. Достапно на: http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2018/10/Анализа_парични-права_деца_-Уницеф_FINAL-окт.pdf

56Годишен извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите права и слободи, 2016 година. Достапно на: http://ombudsman.mk/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf

57 Член 39 ст.1 од Уставот на Република Македонија.

58 Закон за здравствена заштита, Сл. Весник на РМ бр. бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16

59 Закон за здравствено осигурување, Сл. Весник на РМ: бр. 25/20, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17)

60 Закон за меѓународна и привремена заштита, Сл. Весник на РМ бр.64/18 од ден 11.04.2018, член 35, 61, 72, 73, 74 и 86.

**2. Повреда на права на пациенти во гинеколошката ординација во Шуто Оризари.** Во општината Шуто Оризари, во која претходно десет години воопшто немаше гинеколог, од 2018 година работи еден гинеколог, која јавно потврдила дека им зборува на жените дека не смеат да абортираат, бидејќи тоа се коси со нејзините религиски убедувања. Од страна на пациентките исто така се потенцира дека многу често им биле наплатувани услуги, и покрај тоа што согласно законските и подзаконските акти, истите треба да бидат ослободени од било какви плаќања.[61]

**3. Повреда на правото на репродуктивно здравје и планирање на семејството.** Ниту во текот на 2018 година, во Република Македонија не е воведен ниту еден лек - орална контрацепција на референтната листа на лекови, со што се отежнува или сосема се оневозможува пристапот до модерни контрацептивни средства на најсиромашните и социјално ранливите групи.[62]

**4. Случаи на гинеколози кои сè уште наплаќаат за преглед.** Согласно Законот за здравствена заштита и подзаконските акти, годишниот преглед, заедно со ЕХО и ПАП кај матичен гинеколог кој има склучено договор со Фондот за здравствено осигурување е бесплатен. Сепак, многу жени и девојки истакнуваат дека им се наплаќа одреден износ за прегледите, чија висина зависи од гинеколошката ординација.[63]

**5. Неможност за грижа на сопственото ментално и физичко здравје заради недостиг од кадар, место во болници, недоволно количество на лекови од позитивната листа и неисправна апаратура.** Со воведување на веб страницата mojtermin.mk[64] осигурениците можат да имаат увид во слободните термини на специјалистите од одредена област, а самото закажување на термини оди преку оваа страница. Сепак, со мало истражување на страницата ќе се увиди дека на пример, во Скопје има вкупно 10 психолози, од кои 6 се наоѓаат на Клиниката за психијатрија и за закажување кај некој од нив се чека најмалку еден месец. За преглед на ендокринологија, во моментот на составување на овој Извештај, треба да се закаже еден месец однапред. Од страна на граѓаните има поплаки дека снимањето на магнетна резонанца или компјутерска томографија, некогаш се закажува и со месеци однапред, додека препишаните лекови кои се на позитивна листа, ги снемува за само неколку денови, иако во некои случаи станува збор за редовна и долгогодишна терапија. Дополнително на сето ова, поради недостиг на медицински кадар, во некои градови во Македонија воопшто не се вршат породувања, туку родилките се праќаат во други градови.[65] Родилка од Неготино која требала да се породи со царски рез во Велес била препратена во Скопје, поради недостиг на кадар за да се состави тим во болницата во Велес за спроведување на породувањето.

61 Извор: https://novatv.mk/trudnitsi-noviot-ginekolog-od-shuto-orizari-naplaka-nezakonski/
62 Извор: https://goo.gl/NrGJdQ
63 Извор: https://www.fakulteti.mk/news/18-03-06/kolku_chinat_besplatnite_pregledi_kaj_matichnite_ginekolozi
64 http://mojtermin.mk/map
65 https://sdk.mk/index.php/makedonija/vo-prvata-polovina-od-godinata-umrele-121-bebe-objavi-drzhavniot-zavod-za-statistika/

# Право на здрава животна средина

Според Уставот на Република Македонија, „Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина". Правото на здрава животна средина произлегува од правото на живот кое е неприкосновено, се гарантира со повеќе важечки прописи во РМ и со ратификувани меѓународни договори[66].

**1. Загадувањето на воздухот во државата - алармантен проблем и во текот на оваа година.** Општо познат факт е дека во државата постои алармантно загадување на воздухот во повеќе градови, особено во Скопје за што неспорен доказ се резултатите од мерните станици на Министерството за животна средина и просторно планирање и извештаите прикачени на веб страната за квалитетот на воздхот[67]. Покрај алармантните податоци за квалитетот на воздухот и постоењето на докази, сознанија за причините на загадување, многубројни известувања анализи и извештаи, државата во континуитет од повеќе години до денес не обезбедува услови за остварување на правото за здрава животна средина ниту мерки за отстранување на опасноста по здравјето и животот на луѓето.[68] Информациите кои секојдневно се споделуваат за загадувањето преку локалните медиуми, социјалните мрежи како и на веб страната за животна средина на Обединетите нации, неспорно потврдуваат дека градот Скопје е прогасен за најзагаден град во Европа.[69] Иако граѓаните, индивидуално или колективно, многу често се организираат да го подигнат нивото на свеста кај власта за преземање на ефективни мерки за загадувањето, од буџетот за 2018 година, најмалку средства се издвоени за заштита на животната средина.

Најчест начин на преземање акција од страна на граѓаните е споделувањето на информации преку социјалните мрежи, јавни дебати и организирање на протести кои се малку посетени од причина што не се постигнува резултат[70]. Покрај реакциите во јавноста, автомобилите се најчесто употребувано превозно средство за кратки релации во главниот град, се користат несоодветни материјали за греење и слично, што говори за ниското ниво на свест и кај граѓаните за потребата од индивидуално делување за општо добро. До денес, не постои постапка или правно дејствие кое е преземено од страна на поединец или група граѓани против државата заради загадувањето на воздухот кое има директни последици по здравјето и за кое постојат бројни докази и податоци. Правото на здрава животна средина се однесува на воздухот, почвата, водата, како и на начинот на користење и заштита на природните ресурси во кои спаѓа ракувањето со отпадот. Во државата не постои задолжителна обврска за селекција на отпадот по видови ниту контрола на отпадните депонии. За здрава животна средина потребно е планско планирање на просторот што исто така недостасува посебно во главниот град како најголемо урбано подрачје каде постојано се менуваат деталните урбанистички планови.[71]

---

66 https://www.unece.org/fileadmin/DAM/env/pp/documents/cep43mac.pdf
67 http://air.moepp.gov.mk/?page_id=1351#
68 https://www.radiomof.mk/nema-sistem-za-finansiska-poddrshka-za-novi-filtri-kaj-zagaduvachite/ https://bit.ly/2TVNKSr
https://www.mkd.mk/makedonija/skopje/koalicija-o2-za-2018-vlasta-odvoi-najmalku-pari-za-zashtita-na-zhivotnata-sredina#1
69 https://www.unenvironment.org/news-and-stories/story/most-polluted-capital-europe-you-didnt-even-know-about?fbclid=IwAR1n9DywvHzACnC1voqyXqoVPgBbAwmIM90IanKYAunDhUSyMXpPH5-piME
70 https://telma.com.mk/protest-vreme-e-za-chist-vozduh/
https://www.youtube.com/watch?v=PQk0YJHpKeI&feature=youtu.be&fbclid=IwAR1wUtgsdJBM5bN7FVjVcWYtP5T92G0kbQq1d7dxrBmglExLehRS7K9sMbM
71 https://www.slobodenpecat.mk/metropola/protest-protiv-odlukata-za-izgradba-na-objektot-kaj-majchin-dom-se-bara-ostavka-od-marin/
https://www.slobodenpecat.mk/metropola/bogdanovik-sheesetkatnitsi-sproti-holidej-in-nema-da-ima/ https://bit.ly/2Qp5h6y

## Права на децата

Под поимот дете се подразбира секое лице кое нема навршено 18 години. Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење е најдобриот интерес на детето без оглед дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, административните органи или законодавните тела. Државите членки се обврзуваат на детето да му обезбедат заштита и грижа која е неопходна за негово добро, имајќи ги предвид правата и обврските на неговите родители, законските старатели или другите поединци кои се правно одговорни за детето, и за таа цел ги преземаат сите потребни законодавни и административни мерки.[72]

**1. Насилството врз децата е огромен проблем на македонското општество.** Вознемирува фактот што и покрај сите вложени напори за обезбедување на меѓународна и национална правна рамка која ќе ја подобри положбата на децата и која ќе им овозможи да растат во здрава средина, тие секој ден се жртви на различен вид на насилство. Историјата покажува дека без разлика на напорите за подобрување на националното и меѓународното законодавство во врска со правната заштита на деца, општеството во кое едно дете се наоѓа е полно со траума и насилство. Сè повеќе деца се жртви на насилни кривични дела, а особено ранливи се децата без родители и родителска грижа. МЗМП спроведе компаративна анализа[73] поврзана со законодавството кое ја уредува материјата на заштита на деца жртви на насилство во нашата и земји со контекстуални сличности. Не сите институции подеднакво разбираат што значи насилство, ниту пак постои една и единствена дефиниција која тоа би го регулирала. Најдобриот интерес на детето не е уреден како принцип. Постојат бројни недостатоци и нема соодветна координација во постапувањето на образовните и здравствените институции во однос на раната идентификација и превенцијата од насилство врз деца, како и на социјалните служби и институциите кои се дел од кривично правниот систем (полиција, судство, обвинителство) на деца кои се веќе жртви на некој од формите на насилство.

На почетокот на 2018 година,[74] 13-годишно девојче штитеничка од Заводот за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение „25-ти мај“ пријави дека било цел на сексуално злоставување. Девојчето кое со месеци било силувано, по што абортирало, било принудувано и на проституција. Веднаш, по овој настан МТСП излезе со реакција дека ќе бидат преземени сите соодветни мерки за разјаснување на сите околности во случајот. Во меѓувреме, Единицата за трговија со луѓе при МВР поднесе кривична пријава против 42-годишна кавадарчанка, а Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапи по оваа пријава и отвори истрага. Оваа истрага на обвинителството резултираше со поднесување на Обвинителен акт против едно лице за сторено кривично дело Трговија со дете, кое ја организирало сексуалната експлоатација, додека две лица - корисници на сексуалните услуги се обвинети за сторено кривично дело Трговија со дете, бидејќи знаеле дека штитеничката е жртва на трговија со луѓе.

72 Член 2 и 3 од Конвенцијата за правата на детето, член 42 од Уставот на РМ
73 http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2018/05/Komparativna-analiza-na-zakonodavstvoto-posveteno-na-zastita-na-decata-od-nasilstvo-pomegju-nasata-i-zemji-so-kontekstualni-slicnosti.pdf
74 https://mvr.gov.mk/vest/5977

По објавувањето на овој кривично-правен настан беа пријавени уште два случаи на злоупотреба и силување на штитенички од Домот “25-ти мај”. Индикативно е што во случајот со 13 годишната штитеничка, како и во случаите со другите злоупотребени штитенички станува збор за лица од ромска етничка припадност. Па, затоа се поставува прашањето дали одговорните лица на Домот “25-ти мај” и стручните служби од Центарот за социјални работи свесно ги премолчуваат и затајуваат случаите на злоупотреби кога се работи за лица од ромска националност, што претставува класична дискриминација на оваа маргинализирана група. Со цел за проверка на овие тврдења МТСП изврши вонреден инспекциски надзор, врз основа на што беа поднесени 11 кривични пријави против одговорните лица во Центарот за социјална работа - Скопје за „несовесно работење во служба”, како и против стручни лица вработени во Центарот, за кривично дело „запуштање на малолетно лице”, и за „несовесно работење во служба’.[75] По оваа вест, на виделина излегоа уште два нови случаи на полов напад на две поранешни штитенички на домот за згрижување на деца со вопситно социјални проблеми “25-ти мај” кои во текот на 2013 година биле жртви на полов напад.[76]

**2. Запуштањето и занемарувањето на деца е сè поприсутно.** Секторот за внатрешни работи Тетово и Секторот за внатрешни работи Битола по спроведената истрага за случај во кој новороденче на 2 јули годинава било оставено и пронајдено пред Домот за доенчиња во Битола, поднеле кривични пријави против три лица: малолетната мајка на бебето, нејзиниот невенчан сопруг и нејзиниот татко. Поради постоење на основано сомневање дека 17-годишната мајка од Желино сторила кривично дело „напуштање немоќно дете“ поднесена е кривична пријава до Основното јавно обвинителство Битола против (член 200 од КЗ на Република Македонија). Другите две кривични пријави биле поднесени против таткото и невенчаниот сопруг заради „вонбрачен живот со малолетно лице“ (член 197 од Кривичниот законик на Република Македонија) и допуштање од страна на родителот неговото дете да живее со возрасен човек.[77]

Секторот за внатрешни работи Скопје, во друг случај на запуштање и малтретирање на дете, поднело до надлежното Основно јавно обвинителство во Скопје кривична пријава против К.М. (20) од Скопје, поради постоење на основано сомневање дека сторила кривично дело „запуштање и малтретирање малолетно лице“ предвидено и казниво по член 201 од КЗ на Р. Македонија. Пријавената во периодот од 15.06.2018 година до 06.07.2018 година во повеќе наврати на локации каде што престојувале го оставала без надзор и без грижа своето 07.07.2018 пријавената К.М.(20) заедно со нејзиниот пријател Т.Ј. од Скопје, во Ургентниот центар при комплекс клиники „Мајка Тереза“ Скопје го донеле детето, кај кое биле видливи повеќе повреди по телото и главата, дополнително констатирани и документирани од страна на лекари во Ургентниот центар. По пријавувањето на настанот, бил спроведен разговор со мајката, од страна на полициски службеници од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје. Од нејзина страна било посочено дека престојувала на неколку локации во Скопје каде што повеќе пати го оставала само и без надзор нејзиното едногодишно дете. На 07.07.2018 пријавената заедно со нејзиното дете побарала од Т.Ј. да ги однесе на посета кај нејзинот невенчан сопруг, но откако тој видел дека детето има повеќе повреди по лицето и главата веднаш со своето возило ги однел во Ургентниот центар при комплексот клиники „Мајка Тереза“ Скопје.[78]

75 Информации за случајот: https://mkd-news.com/shtitenichkata-od-domot-za-detsa-25-maj-prezhiveala-horor-dvajtsa-vo-pritvor-poradi-trgovija-so-dete-za-seksualni-uslugi/ http://fokus.mk/trud-i-sotsijala-ke-podnese-11-krivichni-prijavi-za-sluchajot-so-zlostavuvanoto-devojche/

76 Информации за настанот: https://skopjeinfo.mk/ushte-dve-maloletni-devojchinja-od-25-ti-maj-zhrtvi-na-polov-napad

77 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/6924

78 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/7022

**3. Потреба од реформи во образованието во насока на превенција на врсничко насилство.** Во изминатата година имаше голем број на случаи на врсничко насилство во училиштата каде од страна на стручните служби, директорот и наставниот кадар немало соодветна реакција за решавање на овој проблем. Во април 2018 година на социјалните мрежи и медиумите осамна снимка на која се гледа како ученички бурталнo тепаат своја соученичка во дворот на едно основно училиште во Неготино. Откако случајот доби широка медиумска покриеност и бројни критики, беа преземени мерки од страна на Државниот просветен инспекторат, а беа дадени изјави со осуда за ваквиот настан од страна на МОН и неколку невладини организации. Исто така, од неготинската полиција беше поднесено Известување до Основното јавно обвинителство против ученичките кои тепаа своја соученичка, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „насилство" казниво согласно нашиот КЗ.[79]

За истиот настан беше поднесена и кривична пријава против обезбедувањето на училиштето заради несовесно работење во службата. Неколку месеци подоцна во едно скопско основно училиште исто така на социјалните мрежи и веб порталите беше објавена снимка на која се гледа како неколку ученици носат на раце своја соученичка и ја „фрлаат" преку прозорот од нивната училница. По настанот бил извршен вонреден инспекциски надзор со кој се утврдило дека немало намера за повредување кај учениците. Од училиштето подоцна беше соопштено дека не станувало збор за малтретирање туку за детска игра која прераснала во „игрaчка-плачка". Од инспекторатот укажале дека е потребно организирање на едукативни предавања и работилници за безбедно однесување на учениците, а на раководството му било посочено да преземе мерки за утврдување работни должности на наставниот кадар во однос на дежурства и активности што се реализираат на одделенски час.[80]

## Право на државјанство и правен идентитет

Лице без државјанство е лице кое ниту една држава не го признава како свој државјанин, согласно нејзините закони и прописи. Бездржавјанството е состојба на ранливост. Лицата кои се бездржавјани најчесто немаат пристап до здравстена заштита, образование, вработување, социјална помош, и се во ризик да бидат приведени поради непоседување на документи со кои би го докажале нивниот идентитет. Од овие причини, лицата без државјанство живеат на маргините на општеството.[81]

**1. Постапка за дополнителен упис во Матичната книга на родените.** Лицата без државјанство, се соочуваат со проблеми во постапката за дополнителен упис во МКР во однос на долгото траење на постапката. Постапката вообичаено трае неколку години, се надминуваат сите законски рокови за донесување на решение за дополнителен упис и добивање извод за родени, поради што, незапишаните деца не можат да се запишат како државјани на РМ, немаат пристап до здравствено осигурување, социјална парична помош, посетуваат училиште, но не добиваат свидителства за завршено образование.

79 Информации за настанот: https://novatv.mk/politsijata-prati-izveshtaj-za-nasilstvo-do-ojo-za-negotinskite-uchenichki/
80 Информации за настанот: https://www.slobodnaevropa.mk/a/29525566.html
81 http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2016/09/Nasite-nevidlivi-deca.pdf

Матичарите имаат голема дискреција во однос на одлучувањето, затоа што во самиот Закон за матична евиденција нема посебни одредби кои се однесуваат за самата постапка за дополнителен упис и на доказите кои се потребни да се приложат кон барањето, па во многу случаи, службените лица произволно одредуваат кои докази се потребни за да одлучат по конкретен предмет. Службените лица не се сервисно ориентирани кон странките, се прекршуваат правилата за економочност на постапката, поради што се враќаат да проверат дали им е изготвено решението или изводот, во некои случаи затоа што раководителот не го потпишал решението со месеци, со што се изложуваат непотребно на дополнителни трошоци. Недостатокот од формално решение исто така го ускратува правото и можноста на странките да поднесуваат жалби и да ги користат постоечките правни механизми (освен правото на тужба поради молчење на администрација).

Во голем број на случаи се постапува спротивно на правилата на управната постапка при водење на самите предмети, губење на списите од предметите, поради што странките повторно ги поднесуваат истите докази. Дополнително, се спојуваат постапки без претходно на странката да ѝ се достави негативно решение од претходната постапка, со што се ускратува правото на жалба.

Оперативните постапки кои ги спроведува МВР за лица родени во домашни услови се долги и спори. Постојат повеќе случаи кога матичарите кои ја спроведуваат постапката за упис, не ги познаваат доволно прописите за матична евиденција и правилата на управната постапка. Поради што постои неусогласеност при водењето на постапките во различните подрачја, бидејќи за исти случаи се бараат различни докази. Решенијата кои се носат се недоволно образложени во однос на фактите и доказите поради кои органот во конкретниот случај го одбива поднесеното барање за државјанство.

**2. Постапка за регулирање на престој.** Постапката за регулирање на иницијалниот престој на лице без државјанство, родено на територијата на РМ, кое немало стара лична карта од СФРЈ е сложена, трае повеќе месеци или во одредени случаи неколку години. Постои арбитрерност во одлучувањето на инспекторите и неусогласеност на постапките во различните подрачја.. Во некои случаи се прекршуваат правата на странките со нивно праќањње во Косово или Република Србија за да се запишат како државјани во регистри на овие држави, иако странките немаат никаков основ за прием во странското државјанство ниту некаква поврзаност со тие земји.

По службена должност МВР се обраќа до Основниот суд да прибави уверение за неосудуваност кое е потребно да се приложи како доказ со цел да се добие дозвола за привремен престој, но таа постапка може да трае со месеци, поради што лицето останува без законски регулиран престој. Во некои случаи кога станува збор за лице без државјанство кое е претходно осудувано , иако е родено и живее постојано во РМ, не постои можност да добие позитивно решение за регулирање на престојот и се изедначува со останатите странци (кои се привремено во РМ, а се веќе осудувани). Дополнително, постои неусогласеност доколку се споредат постапките во Скопје и другите градови, не само во доказите кои се бараат да се доставаат кон барањето, туку и во висината на износот на административната такса. Во другите градови во РМ, лицата без државјанство кои се родени и живеат во државата немаат можност регулираат го регулираат престојот, ниту остварат право на привремен престој. Решенијата кои се носат се недоволно образложени во однос на фактите и доказите поради кои се одбива барањето.

**3. Прием во државјанство на РМ**. Во оваа постапка најчесто се прават на начин што на одреден број на лица им е одбиен прием во државјанство поради тоа што според надлежните органи истите претставуваат опасност по безбедноста на државата иако нема јасно и конкретно образложение во решението, за тоа кои причини влијаеле едно лица да биде прогласено за опасно по безбедноста на државата.

**4. Спроведена нова кампања и јавен повик за регистрација на лица без документи.** Во текот на 2018 година од страна на МТСП беше спроведена кампања и јавен повик за регистрирање на лица без документи. Повикот траеше до 01 ноември 2018 година, а прелиминарната бројка на лица кои не поседуваат документи за идентификација во РМ е 650. Минстерката за труд и социјална политика даде официјална изјава дека секое лице кое ќе биде пријавено на овој јавен повик ќе добие привремен матичен број за истиот да може да го користи за добивање на здравствени и други социјални услуги. Откако ќе се спроведе постапката за регистрација, лицето ќе добие и постојан матичен број, регулиран статус и пристап до сите права гарантирани со Уставот и законите. Институциите одговорни за решавањето на проблемот со бездржавјанство во наредната фаза ќе пристапат кон измена на законите и подзаконските акти и наоѓање соодветни механизми за решавање и превенирање на овој феномен.[82]

## Право на азил и интеграција на бегалци

Статусот на бегалец е регулиран со Женевската конвенција што се однесува на статусот на бегалците од 1951 година. Странската држава му го гарантира статусот на лице што има основан страв од прогонување во неговата држава на потекло врз основа на раса, вероисповед, националност, припадност на одредена социјална група или политичко мислење. Ако странската држава смета дека некој мигрант треба да се заштити, од причини кои не се предвидени со Женевската конвенција, може да одлучи да му даде супсидијарна заштита наместо статус на бегалец.[83]

**1. Постапка за признавање право на азил.** Заклучно со месец септември 2018 година МЗМП застапуваше 239 нови баратели на азил во РМ, и тоа 148 мажи, 25 жени и 66 деца од кои 33 биле непридружувани. Секторот за азил при МВР го призна правото на азил на 2 лица (мајка и ќерка) и им додели статус на лица под супсидијарна заштита и дополнително им го продолжи статусот на 3 лица од новиот бегалски бран. Во 2018 година МВР не призна ниту еден статус на признаен бегалец, како најсѐопфатна форма на меѓународна заштита. МЗМП во текот на водењето на постапките за азил забележа отстапување од законските рокови за донесување на решение во рок од 6 месеци од поднесување на барањето на азил, согласно Законот за азил и привремена заштита. Образложенијата во решенијата кои се носат од Секторот за азил често не соодветствуваат со правниот основ поради кој се одбива барањето за признавање на правото на азил.

82 http://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-debatata-na-tema-sistemski-reshenija-za-registracija-na-licata-bez-dokumenti-vo-opshtestvo-ednakvo-z.nspx
83 https://www.echr.coe.int/Documents/COURTalks_Asyl_Talk_MKD.PDF

**2. Управно-судската заштита на барателите на азил во РМ е долга и недоволно ефикасна.** Заклучно со септември 2018, УС на РМ донел 24 пресуди, додека Вишиот Управен суд донел 14 пресуди. Постапките пред УС и ВУС на РМ траат подолго од законски предвиденото и не се почитува рокот од 2 месеци. Постапката пред УС на РМ до донесување на пресуда во просек трае 226 дена, додека постапката пред ВУС на РМ 364 дена од поднесување на жалбата со што се прекршува правото на судење во разумен рок загарантирано со ЕКЧП. Надлежните судови до денес не донеле мериторна одлука во предметите од областа на азилот, ниту одржале јавна расправа иако согласно Законот за управните спорови оваа можност постои. Во 2018 ЕСЧП утврди повреда на човековите права во постапката за азил пред органите во РМ на бегалка од Косово на која и било прекинато правото на азил поради тоа што претставува опасност по безбедоста на РМ. Станува збор за случајот Љатифи против Република Македонија (Жалба бр.19017/16) каде е најдена повреда на член 1 од Протоколот 7 од ЕКЧП, за кој следи објаснување во третиот дел од Извештајот.

**3. Отежнат пристап на пазарот на труд за барателите на азил.** На барателите на азил не им е овозможено остварување на правото на слободен пристап на пазарот на труд кое е предвидено со членот 48 од Законот за азил и привремена заштита и членот 61 од новиот Закон за меѓународна и привремена заштита. Причината за ова е што според член 13 став 3 од Законот за работните односи, работодавачот има обврска во пријавата до Агенцијата за вработување на РМ, меѓу останатите податоци да го наведе и ЕМБГ на работникот, а во законодавството на РМ не е предвидена можност за определување на матичен број на категорија на лице барател на азил. Со ова лицата кои го напуштиле својот дом поради прогон од сопствената држава и нашле засолниште во РМ, немаат можност да го остварат правото на работа.

## Права на странци и мигранти

**1. Пракса за казнување на странски државјани со надминат туристички престој без соодветна процена на ризик дали тие се потенцијални жртви на трговија со луѓе.** При вршење на дејствија во врска со илегалниот престој и работа, секторите за внатрешни работи во текот на 2018 година направија неколку акциски контроли во угостителски објекти каде се пронајдени повеќе од 10 странски државјани, а дел од нив биле со надминат дозволен престој во државата. Тие биле приведени во ПС, каде биле поведени прекршочни постапки, биле изречени парични глоби, и потоа лицата биле протерани од државата во нивната матична земја и им била изречена забрана за влез во РМ на одреден временски период.[84] Во текот на 2018 година, согласно приоритетните активности МТСП формираше пет мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе во соработка со МВР и здруженија на граѓани (меѓу кои и МЗМП) во пет градови: Скопје, Битола, Гевгелија, Тетово и Куманово. Целта на овие тимови е подобрување на идентификацијата преку проактивно дејствување во откривањето и спречувањето на трговијата со луѓе.

---

84 https://mvr.gov.mk/vest/5695
https://mvr.gov.mk/vest/6123
85 http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2018/06/%D0%9A%D0%B2%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-January-Mart-2018.pdf

За успешно функционирање на овие тимови спроведени се 3 работилници, а изработена е Програма за работа, подготвена од страна на МТСП и МВР. Истовремено, со предлог измените на КЗ се лобира за додавање на член за неказнување на жртви на трговија на луѓе за прекршоци или кривични дела што ги сториле заради состојбата на жртва во која се наоѓаат.

**2. Западно-балканската рута остана затворена и во 2018 година поради што имаше голем број на случаи на криумчарење на мигранти.** Овој факт предизвика мигрантите да продолжат нерегуларно да транзитираат низ Македонија со помош на криумчари и преку неофицијални рути[85], за што беа забележани неколку случаи во текот на 2018 година. МВР во своите дневни билтени извести за вкупно 43 случаи на криумчарење на мигранти, во кои биле откриени 647 мигранти заклучно со 30 септември 2018 година. Притоа беа приведени неколку криумчари на мигранти кои ја злоупотребуваат ранливоста на оваа група на луѓе за прибавување противправна имотна корист. На 11 март 2018 година, приведени се четворица криумчари на мигранти, сите од Република Бугарија кои на граничниот премин Богородица, во посебно направен бункер во горниот дел на возилото сакале да пренесат осум илегални мигранти од машки пол на возраст од 18 до 41 година. Дел од мигрантите биле сместени во Прифатниот центар, додека останатите се предадени на грчките погранични служби.[86] На 17 април 2018 година било пронајдено возило со 38 мигранти на возраст од 17 до 41 година, додека лицето кое ги пренесувало се дало во бегство.[87] На 29 мај 2018 година уште едно лице кое криумчарело мигранти било притворено. Во камионот кој ова лице го возело биле пронајдени 43 лица мигранти, а меѓу нив имало осум малолетни лица. Мигрантите биле пренесни во Транзитниот центар Табановце.[88] Понатаму, на 10 јули во едно возило откриени се уште 25 лица илегални мигранти по потекло од Пакистан од кои едно било дете. Возачот кој го управувал возилото избегал.[89]

**3. Практиката на неформални враќања (push backs) продолжи со зголемен интензитет во текот на 2018 година.** Дел од мигрантите и бегалците кои се пресретнати и откриени за време на акциите на МВР, биле испратени во Прифатниот центар за странци, што претставува објект од затворен тип наменет за задржување на странци од имиграциски причини (како што се на пример, утврдување на идентитет или присилно отстранување). Останатите биле испратени во прифатно-транзитниот центар "Винојуг" во Гевгелија каде се сместени или поради отсуство на формална постапка се вратени во Грција , што е директна повреда на меѓународните обврски преземени од страна на државата[90] Согласно податоците на МЗМП, до 30 септември во 2018 година на овој начин биле вратени вкупно 4031 мигрант што е повеќекратно зголемување споредено соистиот период минатата година.

**4. Лишување од слобода на странци од имиграциски причини.** Во 2018 година продолжи праксата на арбитрерно лишување од слобода на странци од имиграциски причини. Најмалку 175 лица се задржани во Прифатниот центар за странци во Скопје, од кои мнозинството немале навремено примено решение, ниту биле соодветно информирани за правниот основ за нивното задржување и нивните права на јазик кој го разбираат.

86 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/6122
87 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/6388
88 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/6645
8989 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/6882
90 https://goo.gl/D1xExH https://goo.gl/Skdbnu

Поради тоа, тие немале можност да го оспорат задржувањето. Пристапот до правна помош на задржаните лица бил ограничен на информациите кои МЗМП ги обезбедува во врска со правото на меѓународна заштита. Повеќето задржани лица биле информирани од страна на полицијата дека се сведоци во кривичните постапки против криумчарите на мигранти и биле ослободени откако дале исказ пред суд. Согласно релевантната правна рамка, странец може да биде задржан заради утврдување на неговиот идентитет и присилно отстранување од земјата. Следствено, задржувањето на сведоци заради обезбедување изјави во кривична постапка е противуставно и спротивно на членот 5 од ЕКЧП. Според податоците на МЗМП, задржувањето во 2018 година во просек траело 13 дена, а најдолготрајното задржување што е забележано е 45 дена.[91] Условите на задржување се разликуваат од домашните и меѓународните стандарди, особено со оглед на тоа дека лицата не се во можност да поминуваат време на отворено. МЗМП интервенираше во неколку случаи на задржување на деца како и разделување на семејство. Некои од задржаните лица во ПЦ за странци се соочија со пречки во пристапот до постапката за азил. Здружението поддржа пет случаи во кои на задржаните лица не им беше дадена можност да поднесат барање за азил. Исто така две лица беа задржани и по поднесувањето на барањето за признавање на правото на азил без да биде донесено решение за ограничување на слободата на движење согласно новиот Закон за меѓународна и привремена заштита.

## Слобода на говор и говор на омраза

Со Уставот на РМ се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање и правото на исправка во средствата за јавно информирање, како и заштитата на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

**1. Кулминација на ширење на говорот на омраза со губење на млад човечки живот.** Месец јуни е статистички најцрниот месец, бидејќи се случи настан поради кој животот го загуби млад - 20 годишен човек, поради етничка омраза. После неколку месечното континуирано ширење на говор на омраза, кој најинтензивно започна по гласањето за Законот за употреба на јазиците, етничката нетпреливост особено се разгоруваше помеѓу навивачките групи на македонците и албанците, а ескалираше со нападот врз младиот припадник на навивачката група Комити, кој после десет дневна кома им подлегна на сериозните повреди. Во месец Јуни се регистрирани 12 инциденти од омраза, од кои дури 85, 7 % се по етничка основа.

91 МЗМП 2018 ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМИГРАЦИСКИ ПРИТВОР

**2. Предизвикување омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа.** Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп до Основното јавно обвинителство Прилеп, поднесе кривична пријава против М.Д. (24) и Ѓ.Д. (19), двајцата од Битола, поради постоење основано сомневање за сторено кривично дело „предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа", казниво по член 319 став 1 од КЗ на РМ. Во врска со настаните во Крушево на 2 август во полициска станица се повикани десетина лица.[92] На 02.08.2018 година околу 13.00 часот на местото „Мечкин Камен" во Крушево, каде се одржуваше манифестација по повод прослава на националниот празник „Илинден", пријавените лица организирано присуствувале на прославата како дел од група составена од навивачи од повеќе навивачки групи. За време на положувањето на цвеќе од страна на присутните делегации повеќе лица, стоејќи во непосредна близина до ВИП ложата, спроти бината каде се одржувала манифестацијата, скандирале навредливи пораки со што сториле кривично дело „предизвикување омраза, раздор, или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа.[93]

**3. Напади на новинари при вршење на нивната професионална должност.** Повеќе пати во текот на 2018 година беа нападнати новинири при извршување на својата професионална должност.[94] Така, во Струга за време на пренесување на конференција новинарот Арманд Брахо бил малтретиран и физички нападнат од страна на насилници од редовите на една политичка партија. Претседателот на Здружението на новинари на Македонија, ги повика властите да го истражат настанот во најкус можен рок и да ги казнат насилниците. Притоа, новинарот Брахо ги пријавил насилниците во полиција. Усни закани и притисоци претрпел и самиот претседател на ЗНМ од преставници на друга политичка партија, поради што новинарите организираа и протест на почетокот на март 2018 година. Од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници изјавиле дека протестот не бил само за поддршка на колегата Насер Селмани, кој е изложен на сериозни закани и притисок, туку и порака до сите граѓани кои се загрижени за чувањето на темелните вредности на правната држава како слободата на говор и владеењето на правото.[95]

## Право на фер судење и ефективна одбрана

Правото на фер судење подразбира дека секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви кривични обвиненија против него. Секој кој е обвинет за кривично дело има право му се обезбедат време и услови неопходни за подготвување на неговата одбрана[96], со што правото на фер судење подразбира и право на ефективна одбрана.

**1. Повреда на правото на фер судење во однос на должината на траење на главна расправа**. Случајот кој е познат на јавноста како „крвавиот четврток" е судскиот процес за нападот на собранието на 27ми април 2017 година во кој се обвинети 30 лица. Судечкиот совет во овој случај повеќе пати го пролонгира времетраењето на рочиштата при што едно од рочиштата е со рекордно време на траење од 13 часа со што не беа овозможени доволно време и услови погодни за одбрана на обвинетите[97].

92 Информации за настанот: https://faktor.mk/ispitani-desetmina-uchesnici-od-grupata-koja-shireshe-govor-na-omraza-na-mekin-kamen
93 Дневен билтен на МВР https://mvr.gov.mk/vest/7045
94 Информации за настанот: https://a1on.mk/archives/847486
https://time.mk/cw/3371413a1d/makedonskite-novinari-utre-na-protest-protiv-zakanite-na-bekir-asani-i-za-poddrska-na-naser-selmani.html
95 http://fokus.mk/utre-protest-site-kopilina-napladne-pred-vlada/
96 член 6 од Европската конвенција за човекови права
97 https://www.mkd.mk/makedonija/politika/advokati-i-nevladiniot-sektor-velat-deka-so-maratonskite-rochishta-sudijkata

Дополнително, на едно од рочиштата во конкретниот предмет сите адвокати на обвинетите се казнети и отстранети од судницата поради барање да имаат просторни услови да ги забележат изјавите на згрозениот сведок во постапката98. Ваквото постапување на судот ја доведува во прашање правичноста на судењето како и непристрасноста на судот.

**2. Повреда на правото на фер судење во однос на должината на постапките.** За постапките пред Управниот суд на РМ континуирано има најголем број поднесени барања и утврдена повреда за судење во разумен рок од страна на ВСРМ. Уште на почетокот на 2018 година, поднесени се 48 барања, а од страна на ЦСРМ утврдена е повреда на правото на судење во разумен док во 19 постапки кои биле водени пред Управниот суд на РМ. [99] Според спроведен анкетен прашалник на адвокати, за причините кои доведуваат до одолговлекување на судските постапки, во кој е дадена опција за повеќе одговори:

- 71% од адвокатите сметаат дека немериторното одлучување и враќањето на предметите на повторно одлучување од повисоките судови има најголемо влијание врз одолговлекувањето на постапките и со тоа таквите предмети влегуваат во категоријата на стари предмети;
- 43,5% од адвокатите сметаат дека улога има влијанието и притисокот врз судиите;
- 38,7% сметаат дека причината е злоупотреба на процесните дејствија од страна на учесниците во постапката што доведува до одолговлекување на постапките;
- 33,9% од адвокатите сметаат дека промената на судиите во текот на постапката, видот и обемот на предметот овие доведуваат до одолговлекување на постапките. [100]

Во овој период комуницирани се вкупно 22 предмети пред ЕСЧП против РМ за повреди на правата загарантирани со ЕКЧП.[101] Половина од тие предмети, односно 11 предмети се однесуваат на повреда на правото на правично и фер судење.[102]

## Пристап до правда во Република Македонија

Иако правото на бесплатна правна помош не е основно човеково право, сепак е основа преку која се обезбедува неопходната заштита на основните човекови права и слободи, загарантирани во меѓународното право и во националното право на државата. Во текот на 2018 година продолжи да се применува Законот за бесплатна правна помош[103] кој своите корени ги влече од Стратегијата за реформи во правосудниот систем од 2004 година.

Меѓутоа, примената на законот продолжи да се провлекува како отежнувачка, загрижувачка и ограничувачка за лицата на кои им е најпотребна. Истото е констатирано во низа извештаи и истражувања, кои како за пример посочуваат на: 1) ограничувачки услови насочени кон барателот; 2) предолго траење на постапката и непочитување на начелото за итност, и 3) ограничениот опсег на бесплатната правна помош која не одговара ни на целта ни на нејзината суштина[104].

---

98 https://telma.com.mk/skandal-na-sudeneto-za-27-mi-april-obvinuvaat-izbrkanite-advokati-na-obvinetite-za-krvaviot-chetvrtok/
99 Трет мониторинг извештај "Реформи во судството - јануари - март 2018 година", страна 7. Достапно на: http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2018/06/%D0%A2%D1%80%D0%B5%D1%82-%D0%BC%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D0%BD%D0%B3-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-%D0%A4%D0%9E%D0%9E%D0%9C.pdf
100 Анализа на спроведувањето на итните реформски приоритети во македонското правосудство, страна 41. Достапно на: http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2018/06/Broshura-lhr-press-web.pdf
101 Достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22COMMUNICATEDCASES%22],%22kpdate%22:[%222018-01-01T00:00:00.0Z%22,%222018-11-30T00:00:00.0Z%22]}
102 Достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22article%22:[%226%22,%226-1%22,%226-2%22,%226-3-a%22,%226-3-b%22,%226-3-c%22,%226-3-d%22,%226-3-e%22],%22documentcollectionid2%22:[%22COMMUNICATEDCASES%22],%22kpdate%22:[%222018-01-01T00:00:00.0Z%22,%222018-11-30T00:00:00.0Z%22]}
103 „Службен весник на Република Македонија" бр. 161/2009, 185/2011, 27/2014 и 104/2015
104 https://goo.gl/cUQvvt

Во оваа насока и констатацијата на Европска комисија во работниот документ на Извештајот за напредок на Република Македонија[105] од април 2018 година, дека „...пристапот до правна помош за најранливи категории лица е попречен со строги законски критериуми. Само 50% од премногу нискиот број на поднесени барања за бесплатна правна помош се одобрени.“[106] Во недостаток на официјални податоци за бројот на поднесени барања за бесплатна правна помош во 2018 година, интересен е податокот од Годишниот извештај на Министерството за правда за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2017 година[107] во кој се дадени следните податоци: вкупно поднесени барања - 134, вкупно одобрени барања - 74, вкупно одбиени барања - 39, запрени постапки - 13, вкупно поднесени барања за БПП во постапка за признавање право на азил - 24 од кои 8 се запрени, а останатите во текот на 2017 сеуште биле во процес на решавање. Неспорно е дека престрогите критериуми оставаат многу поголема група ранливи и маргинализирани категории лица со ограничен пристап до правда, ако се има предвид дека повеќе од една третина од населението во Македонија живее во сиромаштија.

Во насока на подобрување на почитувањето и заштитата на човековите права во Македонија поврзани со пристапот до правда, од големо значење е и квалитетната изработка на новиот Закон за бесплатна правна помош[108], во чиј процес на изработка се дадени голем број препораки и сугестии а во насока на хармонизација на овој закон со законите и стандардите на Европска Унија.

# ДЕЛ 2: Уставните гаранции за заштита на човековите права во 2018 година

## Заштитата на човековите права пред судовите на РМ

**Судовите како заштитници на човековите права во РМ:**

Судовите во РМ ги штитат човековите права непосредно, преку овозможување на секој граѓанин да се повика на заштита на слободите и правата пред нив (редовните судови) како и посредно, преку оценка на законитоста на поединечните акти на органите на државната управа (управните судови). Повредите на некои позначајни слободи и права во одредени случаи се предвидени дури и како посебни кривични дела за кои судовите одлучуваат во кривична постапка.

Заштитата на човековите права е предмет на одлучување од страна на судовите заедно со споровите меѓу граѓаните, кривичните дела и прекршоците како и други работи што според закон се во судска надлежност. Она што е специфично за заштитата на човековите права во споредба со останатите односи и состојби кои се во надлежност на судовите е тоа што не постои посебна постапка во која судовите одлучуваат за заштита на човековите права. За разлика од ова, во споровите меѓу граѓаните се одлучува во рамки на парничната постапка, за кривичните дела и прекршоци се одлучува во кривична односно прекршочна постапка, во оценка на законитоста на поединечните акти се одлучува во управен спор, а за останатите прашања судовите одлучуваат во вонпарнична постапка.

105 https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2018/04/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf
106 Ibid.
107 Објавен во март 2018 година, достапен на http://www.pravda.gov.mk/toc1/406
108 Новиот предлог на законот е достапен на https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=s5lwPgsooDSZXNwCHCfDqQ==

Поради тоа, секој граѓанин кој смета дека му е повредено некое од човековите права ќе може да поведе некоја од споменатите постапки. Ова значи дека барањето за заштита ќе мора да исполни одредени критериуми од формален и материјален аспект за да биде земено предвид.

**Студии на случаи по кои постапувале судовите во 2018 година**

**Случај 1: Џ.А против ЈУ МЦСР (МТСП) - пресуда на ВУС со која се утврдува обврската на управните органи да ги обезбедуваат клучните докази по службена должност**

**А) Факти**

Џ.А, 23 годишна скопјанка, е родена во домашни услови и уште додека била дете нејзината куќа изгорела со целокупната документација која ја поседувале, но располага со потврда од Одделението за управни работи при СУНР ОГР Скопје на МВР работи во кое е назначено дека е запишана во регистарот на државјани на РМ по нејзиното раѓање, и со тоа се стекнала со македонско државјанство. Откако го склучила бракот со нејзиниот сопруг, Џ.А го пријавила нејзиното живеалиште во семејната куќа на сопругот, каде живее од 2011 година. Третото дете е родено во 2015 година, во Диселдорф, Германија. По раѓањето на трето дете, поднеле барање до надлежниот ЦСР за остварување на правото на родителски додаток за дете. Во прилог на барањето ги доставиле сите потребни документи, вклучително и докази за нејзино државјанство и нејзино пријавено престојувалиште во последните три години пред поднесување на барањето. Одлучувајќи по барањето, надлежниот ЦСР донел решение со кое утврдил дека таа не била жител и државјанин на РМ три години пред поднесување на барањето и со тоа не го исполнила законскиот услов од член 38 од ЗЗД. Од оваа причина надлежниот ЦСР не ѝ го признал правото на родителски додаток за дете.

**Б) Опис на постапката за заштита на правото**

Незадоволна од првостепеното решение, Џ.А поднела жалба се обратила до МТСП во која ги навела причините поради кои решението на надлежниот ЦСР е неправилно и незаконито. МТСП, одлучувајќи по жалбата донело решение со кое ја одбил како неоснована, а решението на надлежниот ЦСР го потврдило. Како образложение на причините за донесување на ваквото решение МТСП го наведува членот 38 став 2 од ЗЗД и утврдува дека Џ.А не го исполнила условот да е државјанка со постојано место на живеење во РМ во последните три години пред поднесување на барањето, бидејќи се ценел доказот за пријавено престојувалиште во семејната куќа на нејзиниот сопруг.

Против жалбата поднесена е тужба до УС на РМ со која е оспорена законитоста на второстепеното решение. УС на РМ тужбата ја одбил како неоснована и констатирал дека надлежните органи правилно постапиле во постапката кога на Џ.А не и го признале правото. УС на РМ, исто како и надлежниот ЦСР и МТСП, утврдил дека Џ.А во времето на поднесување на барањето не била државјанка на РМ со постојано место на живеење три години пред поднесување на барањето.

Во законски предвиден рок, против пресудата на УС на РМ поднесена е жалба до ВУС на РМ со посочување на погрешното утврдување на фактичката состојбата и неправилна примена на материјалното право. Погрешното и нецелосното утврдување на фактичката состојба во жалбата е посочено дека е сторено во смисла на неправилно утврдување на моментот кога Џ.А е запишана во регистарот на државјани, односно во кој период таа е примена во државјанство на РМ. Во жалбата е наведено дека со неправилно утврдување на фактичката состојба и неправилно ценење на приложените докази, сторена е повреда на материјалното право, односно очигледна неправилна примена на член 38 од ЗЗД и член 10 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче и на правото на родителски додаток за трето дете.

ВУС на РМ, решавајќи по жалбата донел пресуда со која ја уважил жалбата, пресудата на УС на РМ ја преиначува и одлучува тужбата да се уважи, да се поништи решението на МТСП и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување. ВУС на РМ нашол дека пресудата на УС на РМ е незаконита, бидејќи решителниот факт кој првостепениот суд пропуштил да го утврди е моментот на стекнување со државјанство на мајката што е од решително значење во однос на остварување на правото. Освен тоа, второстепениот суд во пресудата назначил дека органите на управата биле должни да се придржуваат и кон основните начела на управната постапка - начелото на економичност и ефикасност на постапката, начелото на сервисна ориентираност и начелото на слободна оценка на доказите од член 7, 9 и 12 од ЗОУП. ВУС на РМ утврдил дека органите биле должни по службена должност да ги проверат наводите на Џ.А кои ги истакнал во текот на постапката, односно да утврдат дека таа со државјанство се стекнала во моментот на раѓањето, а не во моментот на издавање на уверението за државјанство.

**В) Заклучок**

Пресудата на ВУС на РМ е од исклучително значење во однос на голем број државјани на РМ, особено за државјаните кои во определен момент не располагаат со потребната документација. Според овој суд, органите на постапката треба по службена должност да ги потврдуваат и проверуваат наводите на странките и да прибават доволно докази според кои ќе може на најекономичен начин за странките да се реши управната работа. Ова од причина што органите треба секогаш сервисно да бидат ориентирани кон барањата на странките и да помагаат за правилно и целосно остварување на нивните права. Органите се секогаш должни да ја утврдуваат правилно и целосно фактичката состојба врз основа на приложените докази од странките, како и оние кои ќе ги прибават по службена должност, по претходна фаза на нивно поединечно ценење и нивно заедничко ценење во целост, да донесат правилна и законита одлука. Од аспект на остварување на правото на родителски додаток за дете, оваа пресуда е значајна бидејќи навлегува во утврдување на моментот на стекнување на државјанството кое е решителен факт за остварување на правото.[109]

109 Случајот е воден во проект поддржан од страна на УНИЦЕФ канцеларијата во Скопје, а имплементиран од страна на МЗМП. Истиот е целосно превземен од Анализа за идентификување на клучните проблеми и пречки во домашното законодавство и судската пракса во остварување на паричните права од областа на заштита на децата: http://myla.org.mk/wp-content/uploads/2018/10/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0_%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%87%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0_%D0%B4%D0%B5%D1%86%D0%B0_-%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B5%D1%84_FINAL-%D0%BE%D0%BA%D1%82.

**Случај 2: М.М.Ј против О.О.У. "Х.Т." и директор С.С. од К - прва правосилна пресуда која утврдува дискриминација во работен однос по основ бременост**

**А) Факти**

Тужителката е по потекло од Куманово. Таа кај тужениот работела на место училишен педагог. Во текот на 2015 директорот на училиштето поднел документи за трансформација на работниот однос од определено, на неопределено време за неколку вработени меѓу кои и за тужителката. Во истиот период тужителката дознала дека е бремена и за тоа ги известила директорот и другите вработени во училиштето. Од тогаш дошло до промена во односот на директорот кон тужителката, кој без никакво образложение ги повлекол документите за трансформација на работен однос само за тужителката. Таа поднела тужба пред Основниот суд Куманово за повреда на правото на еднакви можности и еднаков третман од страна на тужителите кои извршиле дискриминација по основ на семеен статус, семејна и брачна состојба, односно родителство-бременост.

**Б) Опис на постапката за заштита на правото**

На 03.05.2018 година Основниот суд на Куманово донел пресуда со која се утврдува дека тужените го повредиле правото на тужителката на еднакви можности и еднаков третман, односно извршиле дискриминација по основ на семеен статус, семејна и брачна состојба, односно родителство-бременост. Тој ги задолжил тужените солидарно да ѝ платат на тужителката на име надомест на нематеријална штета, износ во висина од 100.000,00 денари како и да ѝ ги надоместат парничните трошоци на постапката. Против оваа пресуда, тужените поднеле жалба и барале пресудата да се укине, предметот да се врати на провстепениот суд на повторно судење или да се преиначи во смисла на жалбените наводи.

Апелациониот суд во Скопје ја потврдил пресудата на Основниот суд Куманово, а ја преиначил само во однос на висината на надоместот на нематеријалната штета. Тој утврди дека жалбените наводи во останатиот дел се неосновани од причина што првостепениот суд според правната состојба правилно прифатил дека со извршеното повлекување на барањето за трансформација на работниот однос на тужителката, веднаш по објавувањето на веста дека таа е бремена, тужените постапиле спротивно на член 6 и член 95 став 1 од ЗРО и го повредиле правото на тужителката на еднакви можности и еднаков третман. Притоа, Апелациониот суд го пименил го искористил ЗСЗД каде е определено дека докажувањето дека немало дискриминација во овој случај паѓа на товар на спротивната страна. Апелациониот суд утврдил дека тужените не изнеле факти и не предложиле докази од кои ќе произлезат основани причини, поради кои е извршено повлекување на барањето за трансформација на работниот однос на тужителката. Напротив, од сите изведени докази, произлегло дека во спорниот период, тужениот го повлекол единствено барањето за трансформација на работниот однос на тужителката, но не и на останатите вработени за кои биле поднесени исти такви барања. Видно од поднесените докази во моментот на поднесување на барање на трансформација, тужителката ги исполнувала условите за трансформација на нејзиното работно место. Со тоа произлегува дека во смисла на член 38 став 1 од ЗСЗД, тужителката ги има изнесено фактите и доказите кои го оправдуваат нејзиното тврдење дека е повредено нејзино право на еднакво постапување. Тужените не докажале дека разликата во третманот спрема тужителката има објективно и разумно оправдување, односно дека различниот третман се заснова на објективна оцена на различни фактички околности и е заснован на јавниот интерес во смисла на членот 14 од ЕКЧП.

**В) Заклучок**

Оваа пресуда е од исклучително значење за праксата поврзана со областа на дискриминација, а особено е важна во однос на заштита на мајчинството, родителството и децата кои се гарантираат со Уставот на РМ. Дотолку повеќе, пресудата на Апелациониот суд детално и внимателно ја користи праксата на ЕСЧП која се однесува на дискриминација и притоа соодветно го разработува тестот преку кој се утврдува дали постои нееднакво постапување утврдено во бројни пресуди на Судот во Стразбур, кои многу ретко се користата во образложенијата во нашите домашни пресуди и покрај фактот што се задолжителни и се дел од нашиот внатрешен правен поредок.

**Случај 3: Н.К против МЗШВ Скопје (РМ) - преиначување на пресуда од страна на Апелациониот суд Скопје во предмет за политичка дискриминација**

**А) Факти**

Тужителот Н.К е вработен во Министерство за земјоделство, шумарсто и водостопанство како државен службеник на работно место со звање Помлад референт - Подрачна единица Куманово, од 2005 година. Тој е член на политичка партија во која бил политички активен како претседател на општински под-огранок и бил вклучен во листата на советници на локални избори. Во текот на своето работење тужителот своите работни задачи ги извршувал непристрасно, објективно и за своето работење бил оценуван со „се истакнува" и „адоволува". Со нов Правилник за систематизација на работните места во Министерството, тужителот со решение од страна на тужениот бил распореден на работно место со звање Помлад референт на ниво „Г4" иако истиот исполнувал услови за повисока позиција.

**Б) Опис на постапката за заштита на правото**

Тужителот вложил жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалба и приговори на административните службеници во втор степен против ваквото решение, каде тврдел дека тој ги исполнува условите за стекнување на повисоко ниво и тоа „Б1" согласно годините на работно искуство, поседување на висока стручна спрема и резултати од досегашната работа. Тој исто така тврдел дека по него се вработиле 13 нови службеници и сите се стекнале со повисоко звање од неговото. На „Г4" се распоредуваат работници без работно искуство и без високо образование. Комисијата ја одбила жалбата по решението и ја потврдила одлуката на тужениот.

Тужителот потоа поднел тужба до Основниот суд Куманово за поништување на решението, а во меѓувреме Државниот секретар на тужениот (со различна политичка припадност од тужителот) донел Работен налог за преместување на тужителот заради подобра организација на работата и го задолжил времено да ги извршува своите работни задачи во Подрачната единица Чаир во Скопје, сè до негово отповикување. Незадоволен од работниот налог, тужителот поднел допис до МЗШВ со предмет Укажување, а поднел и претставка до Народниот правобранител на РМ. По неколку месеци, работниот налог на тужителот бил отповикан.

Во 2016 година тужениот донел Измени на Правилникот за систематизација на работните места и Решение за распоредување и определување на плата на државен службеник, со кое тужителот се распоредува на работно место Помлад референт во Подрачна единица Чаир, повторно на ниво „Г4", со што тужителот бил распореден за извршување на неговите задачи надвор од неговото место на живеење. Тужителот повторно поднел жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, која повторно ја одбила жалбата како неоснована. Тужителот повторно поднел тужба пред Основниот суд во Куманово, но и претставка до Народниот правобранител поради вознемирување на работното место. Народниот правобранител донел Заклучок дека прераспоредувањето на тужителот надвор од местото на живеење би можело да се подведе како вознемирање на работно место и дискриминација по политичка основа. Основниот суд во Куманово ја усвоил тужбата на тужителот, а решението на МЗШВ и одлуката на Комисијата ги поништил како незаконити. Оваа пресуда станала правосилна на 14.02.2018 година.

Според невропсихијатриско вештачење од Прим. д-р. Милорад Јеремиќ, специјалист невропсихијатар, постоеле периоди на висок степен на психичка болка кај тужителот, но и услови за страдање со среден интензитет на душевни болки со слика на анскиозно-депресивно реагирање.

По поведување на постапка за утврдување на повреда на правото на еднаквост врз основа на политичка припадност во областа на работните односи, Основниот суд Скопје 2 Скопје, ја усвоил тужбата како основана и нашол повреда на правото на еднаквост на тужителот. По поднесена жалба од страна на тужениот, Апелациониот суд ја преиначил одлуката на првостепениот суд и го одбил тужбеното барање како неосновано. Во пресудата Апелациониот суд наведува дека тужителот не го сторил веројатно постоењето на дискриминација во смисла дека тужениот сторил различен третман на тужителот во однос на други лица во иста или слична ситуација. Судот исто така тврди дека тужителот не презентирал факти со кои ќе направи веројатно дека постои дискриминација и дека јасно се гледа дека токму заштитната карактеристика политичкка припадност е таа околност што довела до понеповолно постапување спрема тужителот за разлика од другите.

**В) Заклучок**

Оваа пресуда е уште еден пример за недостаток на свест за нивото на кое политичката дискриминација е присутна во македонското општество. Дискриминацијата по овој основ се среќава секојдневно во работните односи во државните институции и јавните претпријатија и често се манифестира со неможност за вработување, унапредување и вреднување на трудот, како и со одбивање да се дадат соодветни работни задачи.

**Случај 4: Н.Д. против ЈУ МЦСР (МТСП)**

**А) Факти**

Н.Д е лице на 58 годишна возраст, на кој како лице со утврдена времено загубена работна способност му е одобрено користење на правото на постојана парична помош како право од областа на социјалната заштита. Ова право му е одобрено уште во 2011 година, а како носител се јавува тој самиот без утврдување на други членови на семејството како со-уживатели на правото. Воедно, утврдено е дека тој има блиски сродници со кои живее, но кои не се во можност да го издржуваат. Во првото тромесечје на 2015 година по упатување од социјалните работници, поднесува ново барање за остварување на правото на постојана парична помош.

**Б) Опис на постапката за заштита на правото**

Барањето му било одбиено од страна на Центарот, а по истото поднел жалба. МТСП ја уважило жалбата, го поништил решението на Центарот и го вратил предметот на повторно разгледување. Притоа, во решението од МТСП биле дадени јасни и прецизни насоки во однос на утврдување на фактичката состојба. Постапувајќи по насоките дадени од МТСП, ЈУ МЦСР Скопје - Чаир донел решение со кое повторно го одбива барањето за постојана парична помош со образложение дека барателот дал нецелосни или невистинити податоци за семејната, материјалната состојба и состојбата со имотот и имотните права. Н.Д. поднел жалба на поднесеното решение. Министерот за труд и социјална политика постапувајќи по жалбата донел решение со кое жалбата ја одбива како неоснована и го потврдува Решението донесено од страна на ЈУ МЦСР Скопје - Чаир со кое се одбива барањето за постојана парична помош. Според МЦСР Скопје - Чаир во образложението барателот дал нецелосни и невистинити податоци за семејната, материјалната состојба и состојбата на имотот и имотните права, односно утврдил дека барателот има 5 браќа од кои нема побарано издршка, а кои според Законот за семејство биле должни да го издржуваат. Во аргументацијата на диспозитивот на решението првостепениот орган се повикува на членовите 57-67 од Законот за социјалната заштита и Правилникот за начинот на утврдување на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа.

Н.Д. поднел тужба против ваквото решение до УС на РМ поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, повреда на материјалното право и непостапување според правилата на постапката. УС на РМ донел пресуда со која ја уважува тужбата, побиваното решение го поништува и предметот го враќа на повторно разгледување и одлучување пред тужениот орган. Пресудата е донесена согласно член 29 став 3 од Законот за управните спорови бидејќи тужениот не ги доставил до судот потребните списи од предметот, па судот одлучил дека е целисходно предметот да го врати за целосно решавање пред истиот. Тужениот орган, во случајот МТСП, повторно донел решение со кое се одбива барањето за постојана парична помош на барателот, поради што е поднесена и втора тужба пред УС на РМ.

УС на РМ во текот на оваа година донесе пресуда со која го уважува тужбеното барање на Н.Д. а решението на МТСП го поништува и утврдува дека оспореното решение е незаконито. Важно да се напомене од донесената пресуда е фактот што УС утврдил дека од содржината на списите на предметот не произлегува дека провстепениот орган утврдил колкав приход остваруваат браќата на тужителот за кои се наведува дека се можни издржувачи на тужителот, како и фактот дали браќата на тужителот имаат сопствени семејства и доколку е тоа случај, колкав е приходот што го остваруваат по член на семејството. Притоа УС укажува дека при повторното разгледување и одлучување, органите се должни да ги имаат предвид неговите укажувања и должни се да постапат по истите на начин што правилно и целосно ќе ја утврдат фактичката состојба во однос на приходите на браќата на тужителот кои евентуално ги остваруваат, како и бројноста на членовите на нивните семејства и дали истите го надминуваат законскиот минимум пропишан со член 62 од Законот за социјалната заштита, а од друга страна се должни да го имаат предвид фактот дека не постојат докази дека тужителот живее во заедничко семејство со неговите браќа, и во таа смисла не може да станува збор за постоење на животна заедница утврдена со Законот за семејството.

**В) Заклучок**

Оваа пресуда е важна во однос на целосно и правилно утврдување на фактичката состојба од страна на првостепените органи при одлучување во предмети поврзани со остварување на права од социјална заштита, особено кога се работи за утврдување дали барателот живее во заедничко домаќинство со други лица. Значајно е да се унифицира постапувањето на центрите за социјална работа при одбивање/неодобрување/кратење на правата со користење на термините семејство и домаќинство. При ваквото постапување треба да се имаат предвид законските дефиниции за семејство како самец или заедница на маж и жена, на родители и деца и другите роднини кои живеат со нив и се должни согласно со Законот за семејството да се издржуваат, и за домаќинство, како заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, кои заеднички придонесуваат, стопанисуваат и трошат. Ова секако треба да биде во корелација со задолжителниот увид во домот на барателот, кој го спроведува надлежниот центар за социјална работа при оценка на поднесената документација во прилог на барањето, а која се однесува за самиот барател и членовите на неговото домаќинство. Повторно, заедничкото живеење во заедничко домаќинство се зема предвид и од страна на Законот за семејство при дефинирање на институтот семејство - животна заедница.

## Уставниот суд на РМ како заштитник на човековите права

Уставниот суд на Р. Македонија ги штити човековите права на два начини. Преку оцена на уставноста и законитоста на законите и останатите општи правни акти има овластување да поништи или укине пропис доколку оцени дека тој ги засега или ги повредува уставно загарантираните слободи и права на граѓаните. Покрај оваа можност, има предвидено уште едно средство преку кое Уставниот суд се вклучува како заштитник на правата и слободите, а тоа е можноста секој граѓанин да побара директна заштита од овој суд во случај кога му е повредено некое од правата за кои е предвидена уставно-судска заштита[110].

## Заштитата на човековите права од страна на Уставниот суд на РМ во 2018 година

### А. Оцена на уставноста и законитоста на прописите и општите акти

Во текот на 2018 година Уставниот суд одлучувајќи по поднесените иницијативи дел отфрлил, за дел од иницијативите не се повела постапка, а за дел донел одлуки со кои се укинуваат определени законски одредби и општи акти донесени на локално ниво.

Уставниот суд донел неколку решенија со кои се поведува постакка за оцена на уставноста и законитоста на одлуки на Совети на општини во врска со распишување на референдум со поставено референдумско прашање: „Дали сте за населување и интеграција на мигранти на територијата на конкретната општина", за што граѓаните требало да се изјаснат со заокружување на зборовите „за" или „против". Според Судот, Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, донесена од советот на општината нема законска основа од аспект на можноста граѓаните од конкретната општина, да се инволвираат во одлучувањето по прашањето за прием и сместување на мигранти, бидејќи единиците на локалната самоуправа според принципот на локално учество од членот 11 од Законот за азил и привремена заштита, се обврзани да ја прифатат одговорноста за сместување на признаените бегалци и лица под супсидијарна заштита. Иако, законската обврска за прифаќање одговорност за сместување на лица со статус на бегалци и лица под супсидијарна заштита, е условена со економската развиеност и бројот на жителите на единиците на локалната самоуправа, за тоа прашање одлучува Владата на Република Македонија, а не органите на локалната власт врз основа на изјаснување на граѓаните од единиците на локалната самоуправа, на што впрочем и се однесуват оспорените Одлуки за распишување на референдум на локално ниво, донесени од советите на општините. Тргнувајќи од наведеното, Судот оценил дека оспорените одлуки не се во согласност со член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 9, точката 1 од Амандманот XVII со која се заменува ставот 1 на членот 115 од Уставот, член 22, член 25 став 1 и член 28 ставови 1 и 3 од Законот за локалната самоуправа и член 11 од Законот за азил и привремена заштита.[111]

110 Слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.
111 http://ustavensud.mk/?p=15232, http://ustavensud.mk/?p=15234

По поднесена иницијатива, Уставниот суд повел постапка за оценување на уставноста на член 67 став 2 и член 70 став 2 од Законот за семејството. Според наводите во иницијативата со спорените одредби се ограничува правото на граѓаните да го оспоруваат татковството, односно мајчинството по навршувањето на одредена возраст (до 21 година) нема никаква легитимна цел, ниту било каква оправданост. Со одредбите се повредува правото на еднаквост на граѓаните (член 9 од Уставот) и основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок на РМ. Според Уставниот суд, со оспорените законски одредби се нарушува принципот на еднаквост и рамноправност, како и принципот на заштита на интересите на децата и принципот на заштита на семејството, од повеќе аспекти. Судот наведува дека семејно правниот однос како предмет на семејното право претставува специфична категорија во која доминација имаат лично правните елементи, кои се сведуваат на права и обврски меѓу членовите на семејството, најнапред од неимотен карактер (верност, помагање, почитување и др.) и права и обврски кои се од имотен карактер (право на издржување меѓу брачните другари, како и меѓу родителите и децата) при што утврдените рокови во Законот се бариера - меѓа за започнување или престанување на остварување на утврдените права, меѓутоа тие не треба да претставуваат пречка за остварување на одредени права.

Според Судот, со оспорените законски решенија се ограничува правото на граѓанинот на неговиот личен и семеен живот, правото да може да ја утврди биолошката врска со неговите вистински родители во било кој момент од неговото осознавање на клучните факти за ваквата правна ситуација. Ова од причина што, со ограничувањето на правото детето во било кој период од животот да може да поднесе тужба за оспорување на татковство/мајчинство, односно со определување на одредена старосна граница, според Судот се ограничува правото на детето од моментот на сознавање за вистинските биолошки родители да може да го оствари тоа право со поднесување на тужба, што е во спротивност со членот 25 од Уставот, членот 8 од Европската конвенција за заштита на човековите права, како и со членовите 3 и 7 од Конвенцијата за правата на детето.[112] Оваа одлука на Уставниот суд е значајна поради тоа што судот во своето наоѓање и образложение се раководи од интересот на детето и тое е основната причина за оценката на овие одредби како неуставни.

**Б. Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот**

Уставниот суд, во досегашната пракса најчесто ги отфрла барањата за заштита на слободите и правата поради ненадлежност или поради постоење на процесни пречки за одлучување. До 2018 година, судотутврдил повреда на слободите и правата само по едно барање, и тоа во 2010 година со кое поништил решение донесено од Општинската изборна комисија. Оваа година Устаниот суд утврдил дека на две лица им е повредено правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност, во смисла на член 110 алинеја 3 од Уставот на РМ. Според наводите во барањето подносителите, кои биле членови на политичката партија „Левица“, тие заедно со уште две лица организирале мирен протест за време на презентација на воената опрема на САД и АРМ.

112 http://ustavensud.mk/?p=15262

За време на настанот сакале да испратат порака со приложување на транспарент напишан на платно „Против војната за профити“. Целта на членовите на политичката партија била да покажат дека се против милитаризација на општеството, односно против милитаризмот што го шири САД со демонстрација на моќ во Македонија. Тие сметале дека со нивната парола испишана на платно, ќе испратат порака.. Според Уставниот суд дискриминаторското постапување на припадниците на полицијата со нивното преземање на физичка сила, со ставање лисици на рацете и лишување од слобода на подносителите на барањето, всушност се декларира институтот дискриминација со сите заштитни карактеристики , со што лицата се доведениицата во неповолна и нееднаква состојба, односно постоел различен третман споредено со сите присутни на настанот, каде како компаратор во конкретната ситуација се оние кои што покажувале воена опрема и јавно ја искажувале својата мисла, ане биле понеповолно и различно третирани, ниту некое од нивните граѓански права било ограничено, за разлика од подносителите на барањето. Тргнувајќи од уставно и меѓународно загарантираното право за јавното изразување на мислата, како и забраната за дискриминација по основ на политичка припадност, судот оценил дека во конкретниот случај јавната власт не водејќи сметка за членовите 10 и 14 од Европската конвенција за заштита на човековите права, на барателите им го повредиле правото на слобода на мислата и јавното изразување на мислата гарантирана со член 16 од Уставот на Република Македонија, како и забраната на дискриминација по основ на политичка припадност, со што е сторена повреда од членот 110 алинеја 3 од Уставот. Ваквата одлука на судот е од значење поради фактот што во пракса Уставниот суд најчесто ги отфрла барањата за заштита на слободите и правата поднесени од страна на граѓаните.[113]

## Постојана анкетна комисија за заштита на човековите права во РМ

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот (Комисијата) е работно тело на Собранието на Р. Македонија предвидено со Уставот (член 76 став 2 од Уставот). Иако мандатот на Комисијата[114], не вклучува истражни и судски функции, значаен е за системот за заштита на човековите права затоа што овозможува директен надзор и следење на состојбата со заштитата на човековите права од страна на пратениците како претставници на граѓаните. Наодите на Комисијата се основ за поведување на постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции доколку тие ги имаат повредено човековите слободи и права (член 76 став 3 од Уставот). За да се спречи мајоризација во работата на Комисијата од страна на парламентарното мнозинство, претседателот и заменикот на претседателот на Комисијата доаѓаат од редовите на опозицијата (член 108 став2 од Деловникот на Собранието на Р. Македонија).

### Активности на Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права во 2018 година

Во текот на 2018 година, Анкетната комисија се состанала само три пати согласно распоредот и материјалите објавени на официјалната страна на Собранитето на РМ.

113 http://ustavensud.mk/?p=16567
114 Дефиниран во член 2 точка 8 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на РМ бр. 85/2014

На првата седница[115] одржана на 8 мај 2018 година, која е четврта седница на Постојаната анкетна комисија од формирањето, била организирана Јавна расправа на тема: Извештајот за напредокот на РМ од страна на Европската комисија за 2018 година, со посебен осврт на делот за човековите права. На јавната расправа покрај членовите и замениците членови на Комисијата биле поканети сите пратеници, претставници на извршната власта и претставници на невладини организации, како и претставник на Европската комисија. На втората седница[116] одржана на 12 јуни 2018 година, било разгледано формирањето на работната група за посета на казнено-поправните установи. На третата седница[117] на Постојаната анкетна комисија на 19 јули 2018 година одржана, била одржана Јавна расправа на тема: Храната како основно човеково право. Во однос на втората и третата седница за 2018 година нема никакви материјали и подетални податоци истакнати на страната на Собранието на РМ. Заклучок: Ова уставно воспоставено парламентарно тело и во текот на 2018 година не покажа посебен интерес во процесот на заштита на човековите права. Кога ќе се погледнат реалните состојби и проблемите со кои се соочува македонското општество, загрижува фактот што вака важно тело е нефункционално. Постојат одредени индиции кои произлегуваат од изјавите на некои пратеници како и од заложбите на Владата на РМ ова тело да биде реактивирано и да биде механизам за парламентарен надзор над состојбата со човековите права во РМ.

## Народниот правобранител на РМ

Народниот правобранител е орган воспоставен со Уставот[118] и ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни. Надлежноста на овој орган е попрецизно уредена со Законот за Народниот правобранител, каде покрај заштитата на правата на граѓаните оваа институција ги штити и начелата на недискриминација и правичната застапеност на припадниците на заедниците. Народниот правобранител ја следи состојбата со почитувањето на човековите права и укажува на потребата од заштита, спроведува соодветни истражувања, организира едукативни активности, навремено и редовно ја информира јавноста, соработува со граѓанскиот сектор, меѓународните организации и академската јавност и дава иницијативи за усогласување на домашната правна регулатива со меѓународните и регионалните стандарди за човековите права.

Народниот правобранител врши превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување преку спроведување на редовни и ненајавени посети на местата во кои престојуваат лицата лишени од слобода. Од посебен интерес за Народниот правобранител е заштитата на правата на децата и лицата со попреченост, заштитата од тортура и друго нечовечко однесување во местата каде лицата можат да бидат или се лишени од слобода, недискриминацијата и правична застапеност, како и почитувањето на принципот за судење во разумен рок и несовесно и неодговорно вршење на работите на судските служби.

115 https://www.sobranie.mk/sessiondetailsrabotni.nspx?sessionDetailsId=e7b8d69e-fcac-4cac-a481-be068801c950&date=08.5.2018
116 https://www.sobranie.mk/sessiondetailsrabotni.nspx?sessionDetailsId=0b7afe7a-68d8-48df-888e-c9b96e1f96b3&date=12.6.2018
117 https://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=370c47ef-0048-4d5f-9a87-0f6b5bb1eb77
118 https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx , Устав на РМ, член 77

Народниот правобранител постапува по поднесена претставка, меѓутоа доколку оцени дека е потребно, може да поведе постапка и по сопствена иницијатива. Народниот правобранител има должност и право да ги прибави сите факти и докази што се од суштествено значење за одлучување по претставката, а државните органи се должни да ги достават побараните документи. Кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени уставните и законските права на подносителот на претставката од државен орган, тој може: - да даде препораки, предлози, мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди; - да предложи повторно да се спроведе определена постапка согласно законот; - да покрене иницијатива за поведување на дисциплинска или прекршочна постапка против службено, односно одговорно лице и - да поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување на постапка заради утврдување на казнена одговорност, против службено односно одговорно лице, како и активно да учествува во постапката со право да даде предлози и мислења.

## Активности на Народниот правобранител во 2018 година

На 16.02.2018 година Народниот правобранител излезе со реакција во врска со случајот на сексуална злоупотреба на штитеничка од ЈУ „Ранка Милановиќ" и изрази загриженост за индолентниот однос на институциите кој резултираште со случај на сексуална злоупотреба на 12 годишно дете - штитеник на јавна установа за згрижување на деца. Народниот правобранител заради утврдување на состојбата ги посети Јавните установи за згрижување на деца со воспитно - социјални проблеми и нарушено поведение, „25 Мај" и „Ранка Милановиќ", при што изврши увид во документацијата и разговараше со одговорните лица, како и со малолетничката. Притоа, неспорно констатира дека станува збор за дете во ризик, на чии родители им е одземено родителското право и е под старателство на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на град Скопје. Според Народниот правобранител кога државата ја презема одговорноста за грижа и заштита на дете сместувајќи го во установа од ваков тип потребно е во континуитет да се преземаат мерки за заштита на правата на детето и превенција од секаков вид на злоупотреба, занемарување или малтретирање, вклучувајќи и сексуална експолатација, на што упатува и член 19 од Конвенцијата за правата на детето.[119]

Народниот правобранител на 17.04.2018 година излезе со реакција по зачестените случаи на насилство во училиштата и го осуди отсуството на навремена и соодветна реакција за превенирање на насилство меѓу учениците, ги потсети одговорните во училиштата, како и пошироката заедница од причина што училиштето е воспитно образовна установа, која има обврска и должност да обезбеди грижа и заштита на децата, како и да преземе превентивни мерки за спречување на насилството меѓу децата, но и врз децата. Според Народниот правобранител неопходно е да се јакнат капацитетите на наставниците да превенираат и спречуваат насилно однесување кај децата, да развиваат, но и да се залагаат за комуникација меѓу децата, толернација, градење на самодоверба, и во училиштата да се воспостават механизми за соодветна и навремена интервенција при насилство. Притоа, Народниот правобранител укажува дека родителите мора да покажат поголем интерес за своите деца, за нивниот однос и активно да придонесат за безбедни училишта без насилство.[120]

119 http://ombudsman.mk/mk/novosti_i_nastani/241456/reakcija_na_narodniot_pravobranitel_vo_vrska_so_sluchajot_na_seksulana_zloupotreba_na_shtitenichka___.aspx
120 http://ombudsman.mk/mk/novosti_i_nastani/241462/reakcija_na_narodniot_pravobranitel_po_zachestenite_sluchai_na_nasilstvo_vo_uchilishtata.aspx

По однос на спроведениот референдум во септември 2018 година, Народниот правобранител отвори бесплатна телефонска лиција со цел да им помогне на граѓаните во остварувањето и заштитата на гласачкото право на слободно изразување на нивното мислење и став по однос на референдумското прашање.[121]

На крајот на месец март 2018 година, Народниот правобранител го презентираше и Годишниот извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2017 година, каде информираше дека минатата година институцијата работела по 4185 преставки, од кои 3223 биле примени во 2017 година, 49 биле отворени по сопствена иницијатива, а останатите биле префрлени од 2016 година. Тој истакна дека „Правната регулатива за јавната администрација, како и партизираната и непрофесионалната структура, во праксата создава сериозни проблеми за граѓаните. " Поради тоа тој го повика министерот за информатичко општетство итно да пристапи кон радикални и конкретни промени во овој ситем, со што ќе обезбеди стручна и ефикасна администрација. Зборуваќи за состојбите во правосудството тој истакна дека тоа останува област во која граѓаните најмногу се жалат, па затоа препорача измени на Законот за управните спорови и воведување на императивни одредби за задолжително одржување на јавните расправи и мериторно одлучување во управните спорови. Тој исто така ја искористи пригодата за да ја информира јавноста за попречувањето на работата на Народниот правобранител во имплементација на новата надлежност да дејствува како „пријател на судот".[122]

**Заклучок:**

Народниот правобранител на Р. Македонија во 2018 година ги идентификуваше и укажуваше на клучните проблеми и предизвици кои се однесуваат на заштитата на човековите права во државата. За сите сериозни предизвици со кои се соочува државата, а кои се однесуваат на заштитата на човековите права, Народниот правобранител во рамки на своите надлежности поведе постапки и ја информираше јавноста користејќи јасен речник без непотребни фрази за ублажување на проблемот. Правобранителот е препознаен во јавноста, посебно меѓу граѓаните, што е особено видливо од бројот на граѓани кои секојдневно се обраќаат до оваа институција, преку канцелариите на Народниот правобранител.

# ДЕЛ 3: Преглед на одлуки на Европскиот суд на човекови права донесени во 2018 година кои се однесуваат на Република Македонија

Во 2018 година, ЕСЧП донел 11 пресуди[123] кои се однесуваат на РМ. Во сите 11 од нив Судот утврдил дека РМ ги повредила основните човекови слободи и права на граѓаните кои му се обратиле. Врз основа на донесените пресуди државата од буџетот треба да им исплати на жалителите 41.240 евра на име нематеријална штета и 11.870 за трошоците на постапката. Со други зборови, во 2017 година РМ е задолжена да исплати вкупен износ од 53.110 евра заради сторени повреди на човековите права. Со пресудите во кои наоѓа повреда, Судот констатира дека РМ ги повредила правото на фер судење, правото на сопственост, слободата на собирање и здружување, слободата на изразување, правото на слобода и безбедност, повредена е забраната за мачење во однос на процедурален аспект и повреда на процедуралните гаранции во случај на протерување на странци.

121http://ombudsman.mk/mk/novosti_i_nastani/241477/soopshtenie_na_naroden_pravobranitel_vo_presret_na_prestojniot_referendum.aspx
122http://ombudsman.mk/mk/novosti_i_nastani/241460/narodniot_pravobranitel_g_idzhet_memeti_na_pres-konferencija_go_prezentirashe_izveshtajot_za___.aspx
123 http://biroescp.gov.mk/%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%81%D1%83%D0%B4%D0%B8-%D0%B8-%D0%BE%D0%B4%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D1%80%D0%BC/

## Случај број1:

**Љатифи против РМ[124] - Утврдена повреда на процедуралните гаранции во случај на протерување на странци загарантирани со член 1 од Протокол 7 од ЕКЧП**

ЕСЧП утврди повреда на член 1 од Протокол 7 (кој се однесува на процедуралните гаранции во случај на протерување на странци) од ЕКЧП во случајот Љатифи против РМ. Апликантката се жалела дека согласно член 6 од Конвенцијата не постоеле докази дека таа претставувала закана за националната безбедност и дека не ѝ била дадено можност да ги обзнае истите и да ги коментира доколку тие постоеле. Понатаму, одлуките кои биле донесени од властите не биле соодветно образложени. Судот ги посочил ставовите согласно кои ја утврдува повредата на член 1 од Протокол 7, и тоа:

А) Одлуката за протерување мора да е во согласност со закон е јасен, прецизен и дава можност за предвидување на последиците кои би произлегле од донесувањето на таква одлука;

Б) Дури и кога станува збор за националната безбедност, концептите на законитост и владеење на правото во едно демократско општество бараат мерките за депортирање кои влијаат врз основните човекови права да се предмет на соодветна постапка пред независен орган или суд надлежен за ефикасно испитување на причините за нив и да ги разгледаат релевантните докази, доколку е потребно со соодветни процедурални ограничувања за користење на класифицирани информации;

В) Секое лице мора да има можност да ја предизвика релевантноста на доказите врз основа на кои се утврдува дека тоа лице е закана за национална безбедност;

Г) Додека оценката на извршната власт за тоа што претставува закана за националната безбедност е од голема важност, независниот орган или судот мора да може да реагира во случаи кога повикувањето на овој концепт нема разумна основа во фактите или открива толкување на „национална безбедност”, која е незаконска или спротивна на здравиот разум и е арбитрерна.

Фактичка состојба

- Во 1999 година, апликантката (во тоа време имала осум години) и нејзиното семејство (родители и тројца браќа и сестри) избегале од Косово и се населиле во Македонија, каде таа живее оттогаш. Во 2005 година добила азил и дозвола за престој. Таа е во вонбрачна заедница со македонски државјанин, со кого има три малолетни деца (децата исто така имаат македонска националност). Нејзината дозвола за престој била продолжувана секоја година до 3 февруари 2014 година.
- На 03 февруари 2014 година МВР донело негативно решение за прекинување на заштитата на апликантката, сметајќи дека е „ризик за [националната] безбедност”. На одлуката ѝ претходело интервју на кое апликантката, која била законски застапувана, ја потврдила нејзината намера да стапи во брак со нејзиниот партнер. Дека апликантката претставува безбедносен ризик, не било разговарано на интервјуто. Одлуката понатаму наведува:

**“[Апликантот] е должен да ја напушти тужената држава во рок од дваесет дена од приемот на конечната одлука”.**

124 Целиот текст на пресудата може да се најде на следниот линк: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-182871%22]}

- Апликантката, преку нејзиниот адвокат, ја оспорил одлуката како арбитрерна. Таа тврди дека нема докази дека нејзиното присуство во тужената држава претставува закана за националната безбедност. Понатаму, таа не добила можност да ги оспори таквите докази.
- На 3 јули 2014 година Управниот суд ја одбил жалбата и ја потврдил одлуката на МВР, истакнувајќи дека тој добил класифицирана писмена белешка од Управата за безбедност и контраразузнавање што укажува дека таа претставува закана за националната безбедност. Судот не дал дополнителни детали во врска со тој документ и пресудил дека оспорената постапка била законска. Адвокатот на апликантката поднел жалба против таа одлука пред Вишиот управен суд, повторувајќи ги претходно изнесените аргументи. Таа тврдела дека согласно зборовите што ги користел Управниот суд укажувал на постоење на некои документи врз основа на која била заснована оспорената одлука. Меѓутоа, таа не добила можност да знае или коментира за тој доказ. Со одлука од 1 јули 2015 година, која на апликантката ѝ била доставена на 6 октомври 2015 година, Вишиот управен суд ја одбил жалбата на жалителката и ја потврдил одлуката на МВР.

Согласно овие ставови и фактичката состојба во конкретниот случај Судот го утврдил следното:

1. Решението на министерството со која се барало апликантката да ја напушти државата едноставно содржела изјава дека мерката била преземена бидејќи „[била] ризикувана [национална] безбедност". Таквата генерална изјава, која не содржи индикации за фактите што служат како основа за таа проценка, била прифатена без дополнителни детали во последователните судски постапки за правна заштита. Двете нивоа на управните судови само додале дека Министерството донело одлука врз основа на доверлив документ добиен од Управата за безбеднст и разузнавање.
2. Освен наводното постоење на доверлив документ, не биле дадени други фактички детали кои ги потврдуваат наводите против апликантката. Против неа не е покрената постапка за учество во извршување на било какво кривично дело во тужената држава или било која друга земја.
3. Покрај општата изјава спомената погоре, властите не ѝ дале на апликантката ни најмала индикација за основите врз кои ја засновале нивната проценка. Класифицираната белешка на Управата за безбедност и разузнавање поднесена во редактирана форма во постапката пред Судот, не била достапна за консултации под никаков услов во оспорените постапки пред Министерството. Непостоењето ниту на преглед на фактите што служеле како основа за таа проценка, апликантката не била во можност соодветно да го презентира својот случај во последователните судски постапки.
4. Со ништо не се потврдува дека класифицираната белешка била доставена до судовите од Управата за разузнавање, ниту пак има дополнителни факти со кои се потврдува дека апликантката претставувала опасност за националната безбедност. Во такви околности, Судот смета дека судовите се ограничиле на чисто формално испитување на оспорената одлука и воопшто не ја објасниле важноста за зачувување на доверливоста на тој документ или степенот на прегледот што го извршиле.

Досудена нематеријална штета: 2.400 евра (две илјади и четиристотини евра)
Досудени судски трошоци: 1.600 евра (илјада и шестотини евра)

**Случај број 2:**
**Макрадули против РМ[125] - Утврдена повреда на слободата на изразување загарантирана со членот 10 од ЕКЧП**

ЕСЧП утврди повреда на членот 10 (слобода на изразување) од ЕКЧП во случајот Макрадули против РМ. Апликантот се жалел дека неговото кривично осудување за клевета го повредило истовремено неговото право на слобода на изразување. Предметот потекнува од две апликации кои биле споени од страна на Судот, кој притоа ги посочил следните ставови врз основа на кои ја засновал својата пресуда:

(A) За двете страни било неспорно дека кривичните осуди за клевета против апликантот претставуваат мешање во неговото право на слобода на изразување, а истите воедно се засновани и врз закон. Она што останува да се види е дали обжаленото мешање било „непходно во едно демократско општество". Притоа Судот, мора да открие дали домашните судови постигнале правична рамнотежа меѓу правото на слобода на изразување на апликантот загарантирано со член 10 од ЕКЧП и интересот на другата страна, односно лицето С.М и заштита на неговиот углед.

(B) Впрочем, Судот има за задача да го види предметот во целина и да утврди дали обжаленото мешање било „сразмерно во однос на легитимната цел кон која властите стремеле" и дали причините изнесени од домашните органи се релевантни и доволни, односно дали домашните судови ги примениле стандардите утврдени со членот 10.

(C) Притоа, вообичаено е да се даде високо ниво на заштита на слободата на изразување кога забелешките се однесуваат на прашање од јавен интерес и тогаш властите имаат особено тесен простор за проценка. Извесен степен на непријателство и потенцијална сериозност на одредени забелешки не го отстранува правото на високо ниво на заштита, со оглед на постоењето на работа од јавен интерес.

(D) Судот исто така потенцира дека секогаш прави разлика помеѓу тврдења за факти и вредносни судови. Постоењето на факти може да се покаже, додека пак вистинитоста на вредносните судови не подлежи на докажување. Со цел да се направи разлика меѓу тврдење за факти и вредносен суд, неопходно е да се земат предвид околностите на предметот и општиот тон на забелешките, имајќи на ум дека тврдења за прашања од јавен интерес можат, врз таа основа, попрво да претставуваат вредносни судови отколку тврдења за факти. Сепак, треба да се констатира дека таа разлика е од помала важност кога спорната изјава била изнесена во текот на жива политичка дебата, каде што избрани вршители на функции треба да уживаат широка слобода да ги критикуваат дејствијата на власта, дури и кога на тврдењата може да им недостига јасна фактичка основа.
(E) Природата и строгоста на изречените санкции се, исто така, фактори што треба да се земат предвид при оценување на сразмерноста на мешањето.

125 Целиот текст од пресудата можете да го најдете на следниот линк: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-184654%22]}

Фактичка состојба

- Апликантот е роден 1965 година и живее во Скопје. За време на случувањето на настаните тој бил потпреседател на опозиционата партија СДСМ и пратеник во Собранието на РМ. Тековните апликации се однесуваат на кривични постапки за клевета поведени против апликантот од страна на г. С.М. кој во тоа време бил високо рангиран член на тогашната владеачка политичка партија и истовремено директор на Управата за безбедност и контраразузнавање. Според Законот за внатрешни работи (членови 24 и 25), директорот на Управата е именуван од Владата и е одговорен пред неа и пред надлежниот министер. Спорните постапки се однесуваат на изјави дадени од апликантот на конференции за печат, одржани во седиштето на неговата политичка партија.
- По спроведување на две различни кривични постапки по поднесени две приватни тужби за клевета во 2007 година, и тоа за две различни изјави, апликантот бил осуден од страна на домашните судови со парична казна или казна затвор доколку не ја плати паричната казна. За едната од постапките, тужителот повел и парнична постапка за надомест на нематеријална штета, во која апликантот бил задолжен да ѝ надомести нематеријална штета на спротивната страна во износ од 550.000 денари. Притоа во сите постапки против апликантот истиот бил задолжен да ги плати и судските трошоци на спротивната страна.
- На два пати апликантот, за двата различни предмети поднесувал барање за заштита до Уставниот суд, пред кој се жалел дека осудите го повредиле неговото право на слобода на изразување. На два пати Уставниот суд со мнозинство од гласови го одбивал барањето на апликантот тврдејќи дека слободата на изразување не е апсолутна и може да биде ограничена согласно закон.

Судот ги земал предвид следниве елементи, положбата на апликантот и тужителот во постапката за клевета, предметот на апликантовите изјави, нивната квалификација од домашните судови и подоцнежниот пристап за оправдување на конкретното мешање и го утврдил следното:

1. Во однос на апликантовиот статус, Судот забележува дека во тоа време тој бил потпретседател на опозиционата политичка партија и прифаќа дека изјавите се дадени во име на политичката партија, во политички контекст. Притоа, Судот смета дека е значајно тоа што апликантот е и пратеник бидејќи се применува високо ниво на заштита на политички говор кога е кажан од избран претставник, со оглед на фактот дека тие го претставуваат електоратот и го бранат нивниот интерес.

2. Тужителот во спорната постапка, г. С.М., во тоа време бил директор на Управата и следствено на тоа, носител на јавна функција, како и високо рангиран политичар. Судот нагласува дека политичар неизбежно и свесно се отвара себеси за внимателно испитување на секој негов збор и дело од страна и на новинари и на широката јавност, а тој мора да покаже поголемо ниво на толеранција. Според тоа, Судот ќе испитува дали спорните изјави на апликантот отишле над границите на прифатлива критика кон некој кој ги комбинира овие две позиции. Границите на државен прифатлива критика се пошироки за државни службеници отколку за приватни лица, а со оглед на фактот што г. С.М. вршел највисока функциија во извршната власт, во таков случај границите на прифатлива критика се уште пошироки отколку во предмет против обичен службеник.

3. Домашните судови и Судот во Стразбур се согласиле дека предмет во двете постапки, биле изјави за теми од јавен интерес. Она што е проблем е фактот што кривичните судови во обете постапки утврдиле дека спорните изјави биле изјави за факти, а не вредносни судови.

4. Во секој случај и со оглед на околностите на предметот, обете изјави на апликантот биле, според мислење на Судот, правичен коментар за прашања од легитимен јавен интерес, како што е придржување кон законското барање за изнесување податоци за имотот и конфликтот на интереси кај г. С.М., кој бил добро познат носител на висока државна функција, како и доста значаен политичар. Транспарентност и спречување злоупотреба на власт од страна на државни функционери се работи кои се од интерес за јавноста во демократско општество, чија цел е да се зајакне јавниот интегритет и да се задржи јавната доверба во јавните институции. Фактот дека таква личност е во ситуација во која се преклопуваат неговите деловни, политички и службени активности може да предизвика јавна дискусија, дури и кога, стриктно говорејќи, според домашното право не се јавува проблем на неспоивост на вршење на функцијата со други активности.

5. Судот, понатаму, го зема предвид фактот дека забелешките биле изнесени во усна форма во текот на конференција за печат, што значи дека апликантот немал можност да ги преформулира, рафинира или повлече пред тие да станат јавни. Апликантот изнел изјави во седиштето на неговата политичка партија, а не во Собранието на Република Македонија. Судот му придава значење на фактот дека тој избрал да не го користи поголемото ниво на заштита што би му го овозможил парламентарниот имунитет. Дополнително, Судот смета дека кривичното осудување на апликантот може да се согледа како мерка која има ефект на одвраќање од политичко дебатирање за важни работи кое е суштинско за правилното функционирање на демократијата.

6. Судот заклучи дека мешањето било несразмерно во однос на легитимната цел чие остварување се настојувало да се постигне и „не било неопходно во демократско општество" во смисла на членот 10 § 2 од Конвенцијата.

Досудена нематеријална штета:1.500 (илјада и петстотини) евра
Досудени судски трошоци:1.020 (илјада и дваесет) евра

**Случај број 3:**

**Смичковски против РМ[126] - Утврдена повреда на правото на фер судење загарантирано со членот 6 од ЕКЧП**

ЕСЧП утврди повреда на членот 6 (правото на фер судење) од ЕКЧП во случајот Смичковски против РМ. Апликантот се жалел дека кривичната постапка која се водела против него за нанесување на тешка телесна повреда на одредено лице, не била фер согласно членот 6, бидејќи судот ја засновал својата одлука единствено на доказ обезбеден од страна на обвинителството. Во исто време, неговото барање за сослушување на сведок и оцена на други два наоди од вештачење, било одбиено. Судот ги посочил ставовите согласно кои ја утврдува повредата на членот 6 став 1 и став 3, и тоа:

(А) Дали барањето на апликантот било доволно основано и релевантно за предметот на обвинението и можело да доведе до зајакнување на неговата одбрана или да доведе до негово ослободување од обвинение;

(Б) Дали судот со недозволувањето на присуство на одреден сведок да сведочи во име на апликантот, го прекршува правото од член 6 став 3;

126 Целиот текст од пресудата можете да го најдете на следниот линк: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-184273%22]}

(В) Улогата на судот во случајот не е да даде пресуда за тоа дали изјавите од сведоците биле соодветно земени предвид како доказ, туку дали постапката во целост, вклучително и начинот на кој доказите биле изведени, било фер.

Фактичката состојба

- Апликантот е роден во 1993 година и живее во Скопје.
- На 11 јуни 2012 истражен судија отворил истражна постапка против апликантот за основано сомнение за сторено кривично дело во физичка пресметка во еден ноќен клуб на 11 февруари 2012 година. Обвинението е поднесено врз основа на усни изјави на апликантот, лицето кое било повредено и уште други двајца сведоци, пријатели на повреденото лице кои тврделе дека апликантот е тој што нападнал.
- На 04 октомври 2012 година, против апликантот е поднесен обвинителен акт пред Основниот суд Скопје 1 - Скопје, за нанесување на тешка телесна повреда. Како докази од обвинителството биле предложени двајца сведоци и наод од вештачење за нанесената телесна повреда. Иако апликантот и во текот на истражната постапка, а и подоцна во текот на главната расправа поднел барање за испрашување на уште неколку сведоци овие негови барања биле одбиени. Подоцна, биле одбиени и барањата за два нови вешти наоди кои одбраната ги предложила.
- На 19 март 2013, апликантот бил прогласен виновен и тоа врз основа само на доказите прдедложени од обвинителството. Апликантот поднел две жалби, една со помош на адвокатот, а една сам. На 11 јули 2013 година се одржала јавна расправа пред која претставниот на Вишото јавно обвинителство предложил дека жалбите треба да бидат усвоени, а предметот да биде вратен во прв степен поради погрешна процена на првостепениот суд во однос на вештиот наод. Но, без разлика и на ова, Апелациониот суд ја потврдил пресудата на првостепениот суд во целост.
- Пресудата била примена од страна на адвокатот на апликантот на 03 септември 2013 година.

Согласно овие ставови и фактичката состојба во конкретниот случај Судот го утврдил следното:

1. Уште на почетокот на постапката апликантот тврдел дека за време на физичката пресметка, тој бил нападнат и дејствувал во самоодбрана. Тој тврдел, а и од доказите може да се види дека сведокот што апликантот го предложил бил присутен за време на казнивото дејствие. Барањето на апликантот тој да биде испрашан ниту е претенциозно ниту е погрешно, утврдил Судот, туку напротив ќе ја зајакнело позицијата на одбраната. Впрочем, круцијално за одбраната било да се утврди дека апликантот бил нападнат од другите соучесници, а не обратно.
2. Домашниот суд ги одбил сите барања на одбраната за докази, и притоа тврдел дека предложениот сведок на одбраната не бил сведок вечерта кога се случила физичката пресметка иако изјавите на сведоците и на апликантот, па дури и службената белешка на полицијата го тврделе спротивното.
3. Судот во Стразбур смета дека со самиот факт што биле одбиени сите барања за докази на одбраната вклучително одбивањето да се испита главниот сведок на одбраната без детално објаснување на причините за тоа, а притоа прифаќајќи ги само доказите на обвинителството, домашниот суд создал нефер предност на страната на обвинителството. Дополнително, го лишил апликантот од можноста ефективно да ги предизвика кривичните обвиненија против него.

Со тоа судот утврдил повреда на членот 6 став 1 и став 3 од ЕКЧП.

Досудена нематеријална штета: 2.400 евра (две илјади и четиристотини евра)
Досудени судски трошоци: 750 евра трошоци

## Случај број 4:
## Рамковски против РМ[127] - Утврдена повреда на правото на слобода и безбедност загарантирано со членот 5 од ЕКЧП

ЕСЧП утврди повреда на членот 5 (правото на слобода и безбедноста) од ЕКЧП во случајот Рамковски против РМ. Жалителите тврдеа, дека судските решенија со кои се продолжувал нивниот притвор пред судење и постапките за ревизија на ваквите решенија претставуваат прекршување на нивните права според членот 5 став 3 и 4 и членот 6 став 2 од Конвенцијата. Судот ги посочил ставовите согласно кои ја утврдува повредата на членот 5 став 3 од Конвенцијата и тоа:

(А) Според воспоставената судска пракса на Судот според член 5 § 3, постоењето на разумно сомневање е услов што е sine qua non за законитоста на продолжениот притвор. Сепак, по одреден временски период тоа повеќе не е доволно. Во такви случаи, Судот мора да утврди дали другите основи дадени од судските органи продолжиле да го оправдуваат лишувањето од слобода. Кога таквите основи се „релевантни" и „доволни", Судот исто така мора да утврди дали надлежните национални органи покажале „посебна внимателност" во водењето на постапката. Оправданоста за секој период на притвор, без оглед колку е краток, мора да биде убедливо докажано од страна на властите. Притоа, продолжениот притвор може да се оправда само ако постојат конкретни индикации за вистинско барање од јавен интерес кое, без оглед на пресумпцијата на невиност, го надминува правилото за почитувањена индивидуалната слобода.

(Б) Органите кога одлучуваат дали лицето треба да биде пуштено на слобода или притворено, се должни да ги разгледаат алтернативните средства за обезбедување на негово присуство на судење, но и да го разгледаат карактерот на засегнатото лице, неговиот морал, средства, врски со државата во која тој е обвинет и неговите меѓународни контакти.

Барањето за утврдување на повреда на членот 5 став 4 било отфрлено, а барањето за повреда на членот 6 став 2 било одбиено како неосновано.

Фактичка состојба

- Жалителите се родни 1947 и 1971 година и живеат во Скопје. Првиот жалител е татко на вториот жалител.

127 Целиот текст од пресудата можете да го најдете на следниот линк: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-180655%22]}

- Првиот жалител бил уапсен на 23 декември 2010 година, а вториот жалител еден ден подоцна. На 24 Декември 2010 година жалителите биле изведени пред истражен судија при првостепениот Основен суд Скопје (судечкиот суд). Истиот ден истражниот судија отворил истрага за дваесет луѓе, вклучувајќи ги и жалителите, под сомнение за кривично дело злосторничко здружување и кривично дело даночно затајување. Се наведувало дека првиот жалител се здружил со цел да формира организирана група за извршување на различни кривични дела преку мрежа на компании основани и во сопственост на осомничените. Во исто време истражниот судија изрекол мерка притвор во траење од 30 дена изречена по сите три основи предвидени во Законот за кривичната постапка и тоа, опасност од бегство, опасност од повторување на делото и попречување на истрагата.
- На 21 јануари 2011 година, на жалителите притворот им бил продолжен за 30 дена исто така по сите три основи од Законот, на што жалителите поднеле жалба. Притоа, покрај останатото, жалителите истакнале дека претходно не биле осудувани; не се спротивставиле при апсењето и се однесувале примерно во текот на нивниот притвор. Двајцата жалители имале семејства и имот во тужената држава. Вториот жалител била мајка на три малолетни деца. Тие побарале да бидат ослободени и замена на мерката притвор со поблага мерка, како што е куќен притвор. Апелациониот суд ги одбил жалбите.
- Притворот на жалителите бил продолжен уште за 30 дена, на 21 февруари 2011 година со идентични формулации за оправдување на мерката притвор, на што било поднесено жалба која повторно била одбиена од страна на Апелациониот суд.
- На 22 Март 2011 година против жалителите и другите осомничени било подигнато обвинение пред судечкиот суд. Двајцата жалители биле обвинети за кривични дела перење пари, злосторничко здружување и даночно затајување. Првиот жалител, дополнително бил обвинет и за кривично дело злоупотреба на службената положба. На истиот ден, совет составен од тројца судии при судечкиот суд, определил продолжување на мерката притвор за триесет дена спрема жалителите и другите обвинети. Продолжувањето на мерката притвор било изречено по основ на опасност од бегство на обвинетите и страв од повторување на делото. Жалбите против ваквото решение биле одбиени како неосновани.
- Притворот бил продолжен и по подигањето на обвинението и тоа сè до нивната пресуда од страна на судечкиот суд. Продолжувањето на притворот за првиот жалител било изрекувано заради опасност дека тој може да се даде во бегство, и опасност дека може да го повтори делото. Притворот на вториот жалител бил продолжен само заради опасност дека таа може да се даде во бегство.
- На 14 Март 2012 година, судечкиот суд ги осудил обвинетите согласно обвинението. Судот исто така одлучил дека тие би требало да останат во притвор до правосилноста на пресудата. На 25 Февруари 2013 година, Апелациониот Суд ги потврдил пресудите за жалителите. Жалителите отпочнале со издржување на казната затвор.

Согласно овие ставови и фактичката состојба во конкретниот случај Судот го утврдил следното:

1. Должината на притворот за првиот жалител бил една година два месеци и дваесет и еден ден, а за вториот жалител истиот период со еден ден помалку од првиот жалител. Притворот за двајцата жалители прво бил заснован на сите три основи наведени во ЗКП, потоа бил исклучен третиот основ (попречување на истрагата) по подигањето на обвинение, а во текот на постапката за првиот жалител останале два основи релевантни за продолжување на притворот

(опасност од бегство и повторување на делото), а за вториот жалител како основа за притворот бил само опасноста од бегство.

2. Домашните судови тврделе дека поради тежината на обвиненијата и сериозноста на казната се причини за да се верува дека кај жалителите постои опасност од бегство. Судот укажува дека иако сериозноста на изречената казна е релевантен елемент во проценката на ризикот на обвинетиот да избега, потребата за продолжување на лишувањето од слобода не може да се оцени од чисто апстрактна гледна точка, имајќи ја предвид само тежината на кривичното дело.

3. Според мислењето на Судот, домашните судови не покажале ниту еден конкретен факт во поткрепа на нивните заклучоци. Покрај споменувањето, во образложението, на „имотната состојба и семејната ситуација" на жалителите, без да се „изостави" опасноста од бегство тие не упатуваат на конкретни аспекти на нивниот карактер, однесување или околности кои би го оправдале заклучокот дека за секој жалител постои ризик од бегство. Ниту пак се осврнале на аргументите на жалителите кои го намалувале ризикот од бегство, како на пример дека имале силни семејни врски, не се спротивставиле на апсењето и не се обиделе да избегаат. Во ниту еден момент во постапката домашните судови не објасниле во своите одлуки зошто нема да бидат доволни алтернативните мерки за лишување од слобода за да се обезбеди присуство на жалителите за време на судењето.

4. Во однос на опасноста од повторување на делото Судот претходно сметал дека „фактот дека некое лице е обвинето за делување во кривичен заговор не е само по себе доволно за да ги оправда долгите периоди на притвор; неговите лични околности и однесување секогаш мора да бидат земени во предвид, како на пример фактот дека жалителите немале претходна криминална евиденција. Иако Судот се согласува дека фактот што жалителите имале раководни функции може да влијае во попречување на истрагата и повторување на дејството, сепак по протокот на одреден временски период, потпирањето на тој аргумент бара понатамошна поткрепа, која домашните судови не ја успеале да ја обезбедат.

5. Судот на крај забележува дека во сите решенија за продолжување и одлуките во врска со жалбите на жалителите, постојано се користела иста формула како образложение. Се чини дека судовите немале доволно внимание во однос на индивидуалните околности на жалителите, бидејќи нивниот притвор бил продолжен со колективни наредби за притвор.

6. Судот смета дека со тоа што не успеале да ги разгледаат конкретните факти или правилно да ги разгледаат алтернативните превентивни мерки и во суштина се потпирале на тежината на обвиненијата и на сериозноста на изречената казна, судовите го продолжувале притворот на жалителите со повикување на основи кои не може да се сметаат за „релевантни и доволни" во рамките на значењето на судската пракса на Судот со што се утврдува повреда на член 5, став 3 од Конвенцијата.

Досудена нематеријална штета: ЕУР 780 (седумстотини и осумдесет евра)

## Случај број 5:
## Православна охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на пеќкта патријаршија) против РМ128 - Утврдена повреда на правото на слобода на здружување во смисла на правото на вероисповест загарантирано со членовите 11 и 9 од ЕКЧП

ЕСЧП утврди повреда на членот 11 од Конвенцијата, толкуван во смисла на член 9 во случајот на Православна охридска архиепископија против РМ. Здружението апликант се жалело дека одбивањето на тужената држава да го регистрира ги прекршило неговите права на слобода на вероисповест и здружување и го прекршило начелото на забрана на дискриминација. Судот ги посочил ставовите согласно кои ја утврдува повредата на член 11 толкуван во смисла на членот 9, и тоа:

(A) Одбивањето од страна на домашните власти да се додели статус на правен субјект на здружение, верско или друго, на поединци претставува вмешување во остварувањето на правото на слобода на здружување.

(B) Кога е во прашање организација на верска заедница, како во овој случај, одбивањето на нејзино признавање како правен субјект е утврдено дека претставува попречување на правото на слобода на вероисповед во согласност со член 9 од Конвенцијата, како што се остварува од страна и на самата заедница и на нејзините поединечни членови.

(C) Судот прифаќа дека предметното вмешување било „пропишано со закон", како што се толкува и применува од страна на националните власти, и дека имало „легитимна цел", односно заштита на правата и слободите на другите. Она што Судот останува да оцени е дали попречувањето на остварување на овие права се неопходни во едно демократско општество.

(D) Слободата на мислата, совеста и религијата е еден од темелите на „демократското општество" во рамките на значењето на Конвенцијата. Со оглед дека верските заедници традиционално постојат во форма на организирани структури, правото на верниците на слобода на вероисповед, која вклучува право да ја практикуваат својата вера во заедница со други, го опфаќа очекувањето дека на верниците ќе им биде дозволено да се здружуваат слободно, без своеволна интервенција на државата.

(E) Државите уживаат широка маргина на дискреција во особено деликатната област на нивните односи со верските заедници, но во исто време државата има обврска да остане неутрална и различни религии, секти и групи во нив. Тука во прашање е зачувувањето на плурализмот и правилното функционирање на демократијата, од која една од главните карактеристики е можноста што таа ја нуди за решавање на проблемите на земјата преку дијалог, без прибегнување кон насилство, дури и кога тие се вознемирувачки. непристрасна во вршењето на својата регулаторна власт и во нејзините односи со

(F) Моќта на државата да ги заштити своите институции и граѓани од здруженија кои може да ги загрозат мора да се користи внимателно, бидејќи исклучоците од правилото за слобода на здружување треба строго да се толкуваат, и само убедливи причини може да оправдаат ограничувања на таа слобода. Било какво мешање мора да кореспондира со „итна општествена потреба"; на тој начин, поимот „неопходно" нема да има флексибилност на изрази како што се „корисно" или „пожелно".

128 Целиот текст од пресудата можете да го најдете на следниот линк: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22kpdate%22:[%222017-12-04T00:00:00.0Z%22,%222018-12-04T00:00:00.0Z%22],%22itemid%22:[%22001-187819%22]}

Фактичка состојба

- На 25 декември 2003 година, здружението жалител конституирало свој Свет Синод и го назначил г-дин Вранишковски за свој претседател. Со писмо од 16 јануари 2004 година, примено од страна на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи („Комисијата") на 27 јануари 2004 година, г-дин Вранишковски побарал мислење за тоа дали здружението жалител треба да се регистрира, со оглед дека „во сите цивилизирани држави црква, која е постара од државата, се прифаќа без потреба да се регистрира."
- На 6 септември 2004 година г-дин Вранишковски поднел барање за регистрирање барајќи здружението жалител да биде регистрирано како религиозна група, кое било одбиено поради формални недостатоци, било основано од страна на странска црква/држава и дека вистинската намера била да се создаде паралелна православна религиозна група на МПЦ. По спроведување на целосната постапка до Врховниот суд кој го одбил барањето на 09 ноември 2005 година. На 15 јули 2007 била поднесена инципијатива до Уставниот суд, но тој ја отфрлил жалбата на 09 септември 2009 година поради изминување на рокот од два месеци определен со Деловникот.
- На 20 септември 2007 година е донесен нов Закон за правниот статус на црквите, верските заедници и религиозните групи. По тој повод на 27 април 2009 година е формирано здружението жалител кое истиот ден поднело барање за регистрација до Основниот суд Скопје за регистрација на „Грко-православната охридска архиепископија на Пеќката патријаршија". Таа е формирана како „доброволна, непрофитна организација на христијани, кои не се поврзани со било која друга регистрирана религиозна заедница, и, особено, нема никаква врска со (МПЦ)". На 28 јули 2009 година судот за регистрација го одбил барањето на здружението жалител за упис во судскиот регистар, повторно поради одредени формални недостатоци и поради тоа што целното име на здружението жалител вклучувало имиња или термини кои биле дел од или посочувале на однос со официјалните имиња на држави или верски заедници или канонски територии кои се веќе регистрирани и во странска надлежност.
- По поднесување на жалба против оваа одлука, на 04 февруари 2010 година Апелациониот суд истата ја одбил како неоснована. Се спровела постака и пред Уставнот суд на РМ кој повторно ја отфрлил иницијативата во одлука донесена на 15 декември 2010 година.
- Резултат на одбивањето бил да се спречи здружението жалител да добие статус на правно лице. Неможноста на здружението жалител да се стекне со законско признавање и статус на правен субјект го лишила од можноста да ги ужива ефикасно правата резервирани за признаени верски организации.

Согласно овие ставови и фактичката состојба во конкретниот случај Судот го утврдил следното:

1. Задачата на Судот е да ги разгледа одлуките кои националните власти ги донеле во остварување на своето дискреционо право и да го испита вмешувањето кое е обжалено во светлината на случајот како целина, но и да утврди дали било „пропорционално на легитимната цел" и дали причините изнесени од страна на националните власти за да се оправда вмешувањето се „релевантни и доволни".

2. Одлуките на националните судови и власти биле фокусирани на чисто формални аспекти, наместо да разгледа суштината на барањето.

3. Должноста за неутралност и непристрасност на државата, не е споива со било која моќ на државата да ја оценува легитимноста на религиозни убедувања или начините на кои се изразени овие убедувања. Во демократските општества државата не треба да превзема мерки за да обезбеди верските заедници да останат или да се стават под унифицирано лидерство. Националните органи мора да покажат особена внимателност за да се осигура националното јавно мислење да не се заштитува на сметка на тврдењето на малцинските гледишта, без разлика колку непопуларни тие можат да бидат.

4. Иако е очигледно дека автокефалноста и единството на Македонската православна црква е прашање од најголема важност за следбениците и верниците на оваа црква, како и за општеството во целина тоа не може да ја оправда, во едно демократско општество, употребата на мерки кои, како во овој случај, отишле толку далеку што го спречиле жалителот сеопфатно и безусловно од дури започнување на било каква дејност.

5. Улогата на властите во ситуација на конфликт помеѓу или во рамките на религиозни групи не е да се отстрани причината на тензиите со елиминирање на плурализмот, туку да се осигура дека конкурентните групи се толерираат едни со други.

6. Не може да има оправдување за мерки од превентивна природа за спречување на слободата на здружување и изразување, освен во случаите на поттикнување на насилство или отфрлање на демократските принципи - колку и да се шокантни и неприфатливи одредени ставови или зборови кои се користат за властите, и колку и да може да бидат нелегитимни барањата. Судот забележува дека во ниту една фаза во постапката за регистрација и во постапката пред него не се тврдело дека здружението жалител се залага за употреба на насилство или антидемократски средства за постигнување на своите цели.

7. Начинот на кој домашните власти го одбиле признавањето на здружението жалител како религиозна организација не може да се прифати како неопходно во едно демократско општество со што се утврдува повреда на членот 11 од Конвенцијата, толкуван во смисла на член 9.

Досудена нематеријална штета: 4.500 евра (четири илјади и петстотини евра)
Досудени судски трошоци: 5.000 евра (пет илјади евра)

Скопје, декември 2018 година
COPYRIGHT © 2018 MACEDONIAN YOUNG LAWYERS ASSOCIATION